РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
MINISTRIA E KULTURËS DHË E TURIZMIT
Бр.-Nr. 09 – 4238/1
31. 03 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА

Министер
Зоран Љутков

Скопје, 3.2026 г.

*СОДРЖИНА*


ВОВЕД ....................................................................................................................................4

1. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА ..........................................................................6
2. СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА.........................................................................................................8
    - **Музичка и музичко-сценска дејност**
    - **Фолклор**
    - **Драмска и филмска дејност**
    - **Визуелни уметности, архитектура и дизајн**
    - **Креативни индустрии и интердисциплинарни проекти**
3. СЕКТОР ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ (СЕКТОР ЗА КНИГА)..........................................27
4. СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО............................................29
    - **Библиотечна дејност**
    - **Музејска дејност**
    - **Недвижно културно наследство**
5. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО.......................39
6. СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ ........................................................................ 45
7. СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ ........................................................................54
8. СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО-УПРАВНИ РАБОТИ И ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА.........................................................................................................66
9. СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР.....................................................72
10. СЕКТОР ЗА СЛЕДЕЊЕ, РАЗВОЈ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА..................................77
    - **Одделение за логистичка поддршка**
    - **Одделение за државни награди**

***<u>ОДОБРИЛЕ</u>***

- СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА
  Сузана Которчевиќ, раководител на Секторот
- СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА
  м-р Маја Седрак, раководител на Секторот
  Снежана Иванова-Китанова, помошник-раководител на Секторот
  Хајрие Сопи, помошник-раководител на Секторот
- СЕКТОР ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ (СЕКТОР ЗА КНИГА)
  д-р Билјана Туџарова Ќупева, раководител на Секторот
- СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО
  Оливера Ливриниќ, раководител на Секторот
- СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО
  Гордана Ивановски-Велковска, раководител на Секторот
- СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ
  Дафина Цепароска, раководител на Секторот
- СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ
  м-р Владимир Попоски, раководител на Секторот
- СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО-УПРАВНИ РАБОТИ И ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА
  Фросина Ѓоршовска, раководител на Секторот
- СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР
  Сабина Синан, раководител на Секторот – главен инспектор
- СЕКТОР ЗА СЛЕДЕЊЕ, РАЗВОЈ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА
  Ивана Дамовска, помошник-раководител на Секторот

***ВОВЕД***

Во текот на 2025 година, Министерството за култура и туризам доследно ги спроведуваше своите стратешки приоритети во областа на културата, насочени кон одржлив развој, институционално зацврстување и унапредување на културните политики во согласност со современите општествени текови. Како клучен носител на културниот развој во земјава, Министерството ја реализираше својата програма преку координирани и интегрирани активности, преку континуирана поддршка на националните установи и преку поттикнување на виталноста на независната културна сцена.

Годишниот извештај за 2025 година претставува систематизиран и аналитички преглед на реализираните мерки, проекти и иницијативи во културниот сектор. Во него се содржани релевантни информации за работата на организациските единици, за спроведените јавни повици, како и за поддржаните програми и проекти од национален интерес. Посебен акцент е ставен врз имплементацијата на Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес во културата, инвестициите во културната инфраструктура, заштитата и валоризацијата на културното наследство, како и развојот на современото уметничко творештво.

Во изминатата година, Министерството посветено работеше на јакнење на институционалните капацитети, унапредување на транспарентноста и отчетноста во распределбата на јавните средства и продлабочување на меѓународната културна соработка. Преку поддршка на разновидни културни изрази и практики, се овозможи поширока и демократизирана достапност на културата за граѓаните, како и поттикнување на активното учество на уметниците и културните работници во јавниот културен живот.

Овој извештај не претставува само административен и финансиски преглед на реализираните активности, туку и рефлексивен показател за стратегиската определба за градење стабилен, инклузивен и иновативен културен систем. Предизвиците со кои се соочувавме во текот на годината послужија како поттик за дополнително усовршување на механизмите за поддршка, планирање и стратешко управување. Со континуирана грижа за заштита и афирмација на културното наследство, како и со доследна поддршка на современото уметничко изразување,

Министерството останува цврсто посветено на креирање долгорочни политики што ќе придонесат за културниот развој, општествената кохезија и меѓународната препознатливост на државата.

Остварените резултати во 2025 година претставуваат солидна и кредибилна основа за натамошно унапредување на културниот сектор и за негов одржлив и динамичен развој во иднина.

## *1. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА*

Буџетот на Министерството за култура и туризам **за 2025 година изнесуваше 4.837.749.000,00 денари, и тоа за раздел 18001 – Министерство за култура 236.764.000,00 денари и за раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата 4.600.965,00 денари.** Учеството на културата во вкупниот буџет на Република Северна Македонија во **2024 година изнесуваше 1,35 %.**

**Конечниот буџет за 2025 година во однос на конечниот буџет за 2024 година беше поголем за 2,51 % , а во однос на конечниот буџет за 2023 година беше зголемен за 13,56 %.**

Во текот на годината е донесена и една Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници и фондовите.

Буџетот и ребалансот на Буџетот за 2025 година за раздел 18001 и раздел 18010 изнесуваат:

| Буџет за 2025 година | Раздел 18001<br>Министерство за култура | Раздел 18010<br>Финансирање на дејностите од областа на културата |
|---|---|---|
| 4.837.749.000,00 денари | 236.784.000,00 денари | 4.600.965.000,00 денари |
| Ребаланс на Буџетот: | Ребаланс на Буџетот: | Ребаланс на Буџетот: |
| 5.105.560.000,00 денари | 253.684.000,00 денари | 4.851.876.000,00 денари |

Буџетот за 2025 година во раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата беше распределен за следниве намени:

| Ребаланс на Буџетот за 2025 година за Раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата | 4.851.876.000,00 | Процент на учество во вкупниот буџет (%) |
|---|---|---|
| Плати | 2.821.875.000,00 | 58,16 % |

| | | |
|---|---|---|
| Стоки и услуги | 155.870.000,00 | 3,22 % |
| Блок-дотации | 489.226.000,00 | 10,09 % |
| Програма | 916.130.000,00 | 18,89 % |
| Резерви и недефинирани расходи | 17.697.000,00 | 0,37 % |
| Инвестиции | 451.078.000,00 | 9,30 % |

## *2. СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА*

Во согласност со постојната законска регулатива во делот на културата, во услови на постоен Закон за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16), Министерството за култура ја спроведува својата програмска политика, во согласност со своите законски надлежности, како поддршка и развој на творештвото и уметноста, од една страна, и создавајќи услови и општествен амбиент кој ќе овозможи имплементација на стратегиските цели за развој на културата и уметноста, од друга. Во таа смисла, националниот интерес во културата, меѓу другото, подразбира: развој на уметничкото творештво во сите области и дејности создавајќи притоа услови за развој и афирмација на културата; овозможување достапност на културните вредности за граѓаните; создавање услови за рамномерен културен развој; промоција и афирмација на нови уметнички форми и изрази; унапредување на културата на лицата со специфики; унапредување на културата на децата и младите; поттикнување на детското творештво и на творештвото за деца и млади; афирмирање на младите автори и слично.

Во таа смисла, при креирањето на програмите од национален интерес и финансирањето на проектите за 2025 година, се внимаваше да се овозможи целосно и континуирано остварување на дејноста на националните установи и да се обезбеди рамноправна положба на сите субјекти – учесници во културата, независно од правниот статус, етничката или друга припадност, под еднакви услови, односно да се поддржат проекти на уметници, самостојни уметници, приватни и локални установи, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата, а во согласност со Законот за културата и другите позитивни законски прописи во земјава.

- МУЗИЧКА И МУЗИЧКО-СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ

Во 2025 година средствата за музичката и музичко-сценската дејност беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални установи | 88.403.488,00 |
| Програмски средства (проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 67.382.336,00 |
| Трошоци за: струја, комуналии, греење | 19.729.750,00 |
| Испратнини и парична помош за вработените | 1.318.402,00 |
| | |
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2025 година | 59.976.7320,00 |
| Општини и локални установи | 2.135.000,00 |
| Правни лица | 546.331.220,00 |
| Физички лица | 11.510.100,00 |

За првпат, повикувајќи се на член 70 став (6) од Законот за културата, во 2025 година Министерството за култура и туризам одлучи да финансира 4 установи од музичката и музичко-сценската дејност со делегиран буџет, поради покажани исклучителни резултати во работењето, при што овој член од Законот укажува дека министерот за култура и туризам во рок од 15 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија одлучува само за висината на финансиските средства за работа на националната установа, а не и за проектите содржани во нацрт-годишната програма. Четирите национални установи кои добија можност да ги реализираат своите годишни програми за работа за 2025 година се: НУ Национална опера и балет – Скопје, НУ Филхармонија – Скопје, НУ Оркестар за џез-музика на Република Северна Македонија – Скопје и НУ Охридско лето – Охрид.

Од вкупно 279 поддржани проекти од областа на музичката и музичко-сценската дејност во 2025 година (61 проект на национални установи, при што тука не се содржани поединечните проекти на горенаведените национални установи со делегиран буџет, и 220 проекти одобрени на Конкурсот за финансирање проекти од национален интерес во културата од музичката и музичко-сценската дејност и на Конкурсот за финансирање манифестации и фестивали од национален интерес), реализирани се вкупно 271 проект (59 проекти на национални установи и 214 проекти од Конкурсот), односно 97 % од одобрените проекти. Тука повторно мора да се напомне дека вкупниот број на реализираните поединечни проекти на четирите национални установи е многу поголем и не е вклучен во погорните пресметки.

Во однос на продукцијата на установите, НУ Национална опера и балет реализираше неколку премиери, и тоа: премиера на оперетата „Лилјакот“, премиера на балетската претстава „Мадам Бовари“, премиера на балетската претстава „Градина на почетоците“ и премиера на операта „Риголето“, која беше изведена на отворањето на 53. „Мајски оперски вечери“ (меѓународен фестивал) и која доби многубројни позитивни критики и од публиката и од стручната јавност. Покрај другите многубројни музички и музичко-сценски дела во рамките на тековниот репертоар на Операта и балетот, забележлив беше концертот на светски познатиот тенор Пласидо Доминго и Националната опера и балет, кој се одржа во спортската сала „Борис Трајковски“ – Скопје поради големиот интерес на публиката.

НУ Оркестар за џез-музика на Република Северна Македонија – Скопје реализираше голем број концерти, од кои најголем дел беа со премиерни дела, за кои билетите беа распродадени и беа оценети со највисоки оценки од јавноста.

НУ Филхармонија – Скопје и НУ Охридско лето – Охрид ги реализираа своите годишни програми за работа во рамките на очекувањата и на нивното веќе високо поставено ниво.

Во рамките на програмските содржини на другите национални установи низ државава беше обезбедена поддршка за музички проекти и концертни претставувања на репродуктивни музички уметници од сите генерации и во различни формации во центрите за култура во Битола, Гостивар, Дебар, Делчево, Кичево, Кочани, Куманово, Крива Паланка, Неготино, Прилеп, Тетово, Штип, Охрид, Струга и во Струмица и, исто така, беа одржани концерти со интересна и иновативна содржина на националните установи: Музички ансамбл во Република Северна Македонија – Тетово, Манифестација „Смилевски конгрес“, с. Смилево – Демир Хисар и Камерен оркестар – Битола.

Во 2025 година финансирањето на локалните установи беше поткрепено со неколку интересни и автентични фестивали и концерти, од кои се издвојува Фестивалот на нова музика „Здраво млади“ во организација на ЈУ Младински културен центар – Скопје.

Беа реализирани и многубројни концерти на млади уметници, како и на веќе афирмирани репродуктивци и композитори, како: Дина Јашари, Арда Мустафаоглу, Леонид Петревски, Ана Гацева, Дуке Бојаџиев и многу други.

Во рамките на програмата за 2025 година, пред публиката беа претставени и проекти со кои се одбележаа значајни јубилеи на фестивали и на истакнати уметници од музичката и од музичко-сценската дејност: Меѓународен фестивал „Полихимниа“ 2025 – одбележување на десетгодишен јубилеј, јубилеј „25 години – концертна дејност на Скопски солисти“, „Концерт во Св. Софија за промоција на домашно хорско творештво со премиерна изведба и одбележување 100-годишен јубилеј на Кирил Македонски“ во организација на здружението Градски мешан хор „Вокс Лихнидос“ – Охрид, реализација на јубилеен концерт – „20 години Баклава“ на Елена Христова, „Идентитети – Будење“ – 45 години уметничко творештво – Рисима Рисимкин, јубилеен концерт на Сихана Бадивуку-Хоџа „30 години професионална соработка“, концерт „40 години Горан Таневски“, јубилеен концерт по повод 30 години од основањето на групата „No Name Nation“.

Во согласност со заложбите за унапредување на културата кај најмладите, во рамките на селектираните проекти од национален интерес беше поддржана реализацијата на оперските, балетските и на симфониските изведби наменети за децата – 22 детски фестивали и проекти за деца на македонски јазик, како и на јазиците на заедниците.

Традиционално беа поддржани добро познатите и етаблирани фестивали кои имаат јасна жанровска насоченост, како што се: фестивалите на класична и сериозна музика „Денови на македонската музика“ во организација на СОКОМ, „Интерфест“ и „Хорски фестивал ТЕХО Тетово“; многубројните џез-фестивали, од кои се издвојува „Скопски џез-фестивал“; фестивалите за танц, од кои се издвојува „Танц-фест“; фестивалите на современа, алтернативна и популарна музика, како што се Фестивалот на забавни мелодии „Макфест“ – Штип, „ПМГ Рекордингс фестивал“, „Таксират фестивал“ и „Д фестивал“, кој оваа година е избран во најтесниот круг на топ 10 најдобри фестивали во Европа на престижните Европски фестивалски награди (European Festival Awards).

**Самостојни уметници**

Во рамките на Конкурсот за доделување месечни надоместоци на самостојните уметници за придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување, како и за персонален данок на доход за 2025 година беа поддржани 48 лица – самостојни уметници од областа на музичката и музичко-сценската дејност.

- **ФОЛКЛОР**

Во 2025 година средствата од фолклорната дејност беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| **Национални установи** | |
| Програмски средства (проекти и материјални трошоци за работа на установите) | **17.773.326,00** |
| | |
| **Одобрени проекти на Конкурсот за 2025 година** | **24.100.629,00** |
| Локални установи | 1.834.029,00 |
| Правни лица | 20.739.700,00 |
| Физички лица | 1.526.900,00 |

На Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од фолклорот и сценско-уметничката дејност за 2025 година беа поддржани вкупно 188 проекти, и тоа: 68 проекти на национални установи, 15 проекти на локални установи, 93 проекти на општини, здруженија и организации и 12 проекти на физички лица. Од нив беа реализирани 186 проекти, односно 99 % од одобрените проекти во 2025 година.

Во рамките на програмските активности на националните установи од фолклорната и сценско-уметничката дејност, Ансамблот за народни игри и песни на Македонија „Танец“ реализира многубројни концерти со кореографии од различни региони на Република Северна Македонија; беа изготвени аранжмани и кореографии за различни народни ора и песни; беше извршен откуп на народни носии, делови од носии, додатоци на носии и изработка на реплики и беше реализирано аудио- и видеодокументирање и архивирање на сценскиот репертоар на НУ „Танец“.

Ансамблот за албански ора и песни во Република Северна Македонија имаше успешна реализација на позначајни проекти, како: „Концерт на наши доајени – браќа Дервиши, браќа

Сејдиу, Хаџи Мачелара“, „Концерт низ градови на РСМ за ноемвриските празници“, новата кореографија „Зраците на Скопје/Rrezet e Shkupit“, сценската адаптација „Свадбата на Реџа/Dasma e Rexhes“ и други.

Во рамките на програмските содржини на центрите за култура беа поддржани сценско-уметнички проекти и концертни претставувања на културно-уметнички здруженија и на фолклорни групи од сите генерации и во различни формации во 15 центри за култура, и тоа во: Тетово, Кичево, Дебар, Штип, Делчево, Куманово, Струмица, Битола, Прилеп, Неготино, Гостивар, Струга, Охрид, Крива Паланка и Кочани.

Активностите на локалните установи особено беа насочени кон обезбедување услови за работа на културно-уметничките друштва што дејствуваат во составот на домовите, кои ја збогатуваат културната програма низ градовите со годишни концерти, традиционални фестивали, како и меѓународни.

Во рамките на сценско-уметничките проекти и концертни претставувања на културно-уметничките здруженија и на фолклорните групи беа реализирани многубројни концерти и фестивали, како и учество на меѓународни фестивали: АКУД „Мирче Ацев“ – Скопје со својата годишна редовна активност, Здружение АНИП „Орце Николов“ – Скопје, Ансамбл за народни песни и игри „Ибе Паликуќи“ – Скопје, Здружение на етнокореолози на Македонија – Скопје, Ансамбл за народни песни и ора „Звуците на Каршиака“ – Скопје, КУД „Јени Јол“ – Скопје, Ансамбл „Керамичар“ – Велес, Здружение на Срби и Македонци КУД „Бранко Чајка“ – Тетово, Здружение на граѓани Ансамбл за народни песни и игри „Емин Дураку“ – Скопје, Ансамбл за традиционална музика и игри „Бојмија“ – Гевгелија, ГАКУД „Браќа Ѓиноски“ – Гостивар, Културно-уметничко друштво „Џеладин Зеќири“ – Тетово, Културно-уметничко друштво Дримкол – с. Вевчани, Здружение на граѓани КУД „Вера Јоциќ“ – Македонска Каменица, Здружение за негување на националните, верските и културните традиции на припадниците на дел од српскиот народ кој живее во РМ – Српски културен центар, Скопје и многу други.

Во 2025 година беа поддржани и физички лица, а беше застапено и одржувањето на работилници и циклус едукативни работилници со завршни концерти, како и Меѓународен фестивал на влашки песни и ора, јубилеен концерт за 45 години творештво на Неџат Сума, солистички концерт на Елена Андонова и друго.

Во рамките на програмата за 2025 година беа реализирани проекти со кои се одбележаа значајни јубилеи, и тоа: „80 години волшебен свет на фолклорот“ на Ансамблот на народни игри и песни „Орце Николов“ – Скопје; јубилеј 70 години КУД „Илинден“ – Битола; јубилеј 80 години со голем концерт „Уметност, култура, традиција“ на Културно-уметничкото друштво Бајрам Шабани – Куманово; 40. меѓународен Ц.И.О.Ф.Ф. фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо 2025“ на Фолклорниот ансамбл „Китка“, с. Истибања, Виница; 20. Ромски средби „Тернипе – младост“ Делчево 2025 – мултикултурна манифестација на здружението Ромски културен и едукативен центар „Тернипе МК“ – Делчево и други.

Во насока на определбите на Министерството за култура и туризам за создавање културен амбиент достапен за сите граѓани, а во согласност со настојувањата на Владата на Република Северна Македонија за збогатување на културната понуда за лицата со специфики, беше поддржана иницијативата на 8. Меѓународен музичко-фолклорен фестивал за лица со попреченост „Да подадеме рака“ на Здружението на млади за човекови права, антикорупција и самовработување ЕСЕ – Скопје.

Во 2025 година традиционално се организираа најважните и најстари фолклорни манифестации и фестивали: 55. Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ – Битола, Фестивалот на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“, „Десет дена Крушевска Република“, „Галичка свадба 2025“, „Балкански фестивал на народни песни и игри 2025“, Фестивал на староградски песни „Теута“ (14. издание), Фестивал на албанската народна песна „Goca e tivarit“ 2025, 149 години Разловечко востание – Делчево, Фестивалот на ора и песни „Кенге Јехо“, „Фолк-фест Валандово“ 2025 година.

- **ДРАМСКА ДЕЈНОСТ**

Во 2025 година средствата од драмската дејност беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Одобрени средства |
|---|---|
| **Национални установи** | |
| Програмски средства (проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 55.001.362,00 |
| | |
| **Одобрени проекти на Конкурсот за 2025 година** | 27.894.130,00 |
| Театарска продукција на професионални претстави | 6.151.000,00 |
| Театарска продукција на непрофесионални/аматерски претстави | 1.140.000,00 |
| Театарски фестивали и манифестации | 20.543.130,00 |
| Гостувања во РСМ | 60.000,00 |

Од вкупно 147 поддржани проекти од областа на драмска дејност во 2025 година (84 проекти на национални установи и 63 проекти одобрени на Конкурсот), реализирани се вкупно 133 проекти (74 проекти на национални установи и 59 проекти одобрени на Конкурсот), односно 90 % од одобрените проекти, додека 11 проекти се откажани од реализација (7 од национални установи, 1 од локална установа и 3 од правни лица), а 3 проекти од национални установи се префрлени за реализација во 2026 година.

Реализацијата на проектите по категории е следнава:

- 77 професионални претстави (53 премиери во национални установи театри и центри за култура и 24 независни), од кои: 50 на македонски јазик, 22 на албански јазик, 4 на турски јазик и 1 на ромски јазик;

- 24 проекти од категоријата аматерски/непрофесионални претстави (11 премиери во национални установи центри за култура, 8 премиери во локалните установи домови на културата, 4 премиери на правни лица и 1 проект на образовна установа), од кои: 20 на македонски јазик, 3 на албански јазик и 1 на влашки јазик;
- 4 гостувања во РСМ (2 во организација на национални установи и 2 во организација на локална установа) на македонски јазик;
- 28 театарски фестивали и манифестации (20 од програмата на драмска дејност – 2 во организација на локални установи, 1 во организација на образовна установа и 17 во организација на правни лица и 8 од програмата на културно-уметнички манифестации во организација на национални установи, од кои: 19 на македонски јазик, 8 на албански јазик и 1 на ромски јазик.

Во 2025 година Македонскиот народен театар од Скопје прослави јубилеј, 80 години од основањето, додека Албанскиот и Турскиот театар од Скопје и Прилепскиот театар при Центарот за култура во Прилеп 75 години од основањето.

Во однос на продукцијата на националните установи театри и центри за култура, треба да се издвои дека НУ Народен театар – Битола и НУ Театар „Комедија“ – Скопје реализираа по 9 проекти, 7 проекти реализира НУ Театар „Јордан Х.К.Цинот“ – Велес, по 6 проекти реализираа НУ Драмски театар – Скопје и НУ Центар за култура – Куманово, по 5 проекти НУ МНТ – Скопје, НУ Гостиварски театар и НУ Центар за култура – Струмица, 4 проекти реализира НУ Тетовски театар, по 3 проекти реализираа НУ Албански театар – Скопје, НУ Турски театар – Скопје, НУ Театар за деца и младинци, НУ Центар за култура – Прилеп и НУ Центар за култура – Штип и по 2 проекта НУ Центар за култура – Охрид и НУ Албански театар за деца и млади – Скопје.

Во контекст на независната и алтернативната продукција на професионални претстави, годинава имавме квалитетна и разновидна понуда од 24 претстави во 5 општини (16 во Скопје, 3 во Битола, по 2 во Тетово и во Куманово и 1 во Кичево), од кои: 14 проекти на македонски јазик, 8 проекти на албански јазик, 1 проект на турски јазик и 1 проект на ромски јазик:

- на македонски јазик: „Лов на дива свиња“ – автор Марија Сарап, режија Наташа Поплавска, „Кататонија“ – автор Викторија Рангелова-Петровска, режија Васил Христов, „Анна“ – автор

Драгана Лукан Николоски, режија Нина Николиќ, „Ангели во Америка“ – автор Тони Кушнер, режија Филип Петковски, „Кокошката“ – по мотиви на Николај Кољада, Вилијам Шекспир, Антон Чехов и Станиславски, режија Теодора Сиљаноска, „о2“ – според „Кислород“ на Иван Вирипаев, режија Дамјан Костовски и други;

- на албански јазик: „Идиот“ – автор Муза Павлова, адаптација и режија Ментор Нуредини, „Паноптикон“ – според драмското дело „Strip–tease“ од авторот Славомир Мрожек, преработка, адаптација и режија Петрит Незири, „Во егзил“ – адаптација на драмскиот текст „Емигранти“, автор Славомир Мрожек, адаптација и режија Нехат Мемети итн.;
- на турски јазик: „Другиот“ – автор Бену Мусли, режија Кренаре Невзати;
- на ромски јазик: Моноспектакл „О лил јеке дилинескоро“ – режија м-р Орхан Д. Јашаровски.

Во однос на застапеноста на реализираните проекти по општини, беше евидентна активноста на полето на драмската дејност во: Скопје, Битола, Куманово, Велес, Тетово, Гостивар и Прилеп.

Во 2025 година македонската културна јавност имаше можност да проследи изведби на дела во режија на:

- режисери од странство: Шабо.К.Иштван, Егон Савин, Иван Пеновиќ, Бутринт Паша итн. и
- домашни режисери: Владимир Милчин, Дејан Пројковски, Синиша Евтимов, Андреј Цветановски, Наташа Поплавска, Васил Христов, Нина Николиќ, Драгана Милошевски Попова, Јане Спасиќ, Ненад Витанов, Александар Ивановски, Деан Дамјановски, Филип Петковски, Александра Кардалевска, Билјана Радиноска, Благој Мицевски, Ѓорѓи Ризески, Бојан Трифуновски, Ивана Ангеловска, Елеонора Теова, Куштрим Бектеши, Бесфорт Идризи, Нехат Мемети, Афердита Нухији, Рахим Рамадани, Петрит Незири итн.

Застапени беа текстови на врвни дела од светската драматика, како и дела од домашното творештво, и тоа:

- автори од странство: Вилијам Шекспир, Молиер, Антон П.Чехов, Максим Горки, Жорж Фејдо, Дарио Фо, Флоријан Зелер, Август Стриндберг, Мартин Мекдона, Алберт Ками, Џорџ Бернард Шо, Сара Рул, Џон Адамс, Бранислав Нушиќ итн.,

- домашни автори: Васил Иљоски, Ташко Ѓеоргиевски, Ристо Крле, Коле Чашуле, Викторија Рангелова-Петровска, Драгана Лукан Николоски, Бенну Мусли, Артин Селмани итн.,
- авторски проекти на Билјана Радиноска и Дамјан Читкушев.

Во програмата за драмска дејност во 2025 година беа застапени и театарските фестивали и манифестации со кои значително се збогати театарската понуда пред граѓаните во нашата држава. Во 16 општини се реализираа 28 театарски фестивали и манифестации: 7 во Скопје, 3 во Битола, по 2 во Прилеп, Велес, Дебар и во Куманово и по 1 фестивал во Гостивар, Тетово, Кичево, Струга, Ресен, Струмица, Штип, Кочани, Крива Паланка и во Виница.

Како особено значајни според традицијата на одржување, афирмацијата на домашното творештво и жанровската разновидност, ги издвојуваме: 62. Драмски аматерски фестивал во Кочани, 59. Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински" во Прилеп, 50. Меѓународен театарски фестивал МОТ во Скопје, 33. Фестивал на камерен театар „Ристо Шишков" во Струмица, 33. Меѓународни студентски средби СКОМРАХИ во Скопје, 28. Меѓународен театарски фестивал „Денови на комедијата" во Куманово, 26. Интернационален фестивал на монодрама во Битола, 24. ИТФ Фестивал „Албански театар во Северна Македонија" во Дебар, 22. Интернационален фестивал на античка драма „СТОБИ", 22. Ромски театарски фестивал „Garavde muja" во Скопје, 19. Меѓународен театарски фестивал „Скупи фестивал" во Скопје, 13. Театарски фестивал за деца и младинци „Малиот принц" во Штип, 9. Меѓународен театарски фестивал „Отхело" во Гостивар, 9. Уличен уметнички фестивал за живи статуи „Статуа фест" во Скопје и други.

Годинава се поддржа и реализацијата на:

- 24 аматерски претстави во 16 општини (4 во Скопје, по 2 во Гостивар, Дебар, Кичево, Крива Паланка и во Кавадарци и по 1 во Куманово, Штип, Тетово, Крушево, Струга, Ресен, Неготино, Демир Капија, Делчево и во с. Ново Село), како и
- 4 гостувања на професионални претстави (2 во Свети Николе и по 1 во Битола и во Неготино).

- ВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ, АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН

Во согласност со утврдената Годишна програма за 2025 година, во областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот се реализираше квалитетна програма преку изложбени активности во галериските простори, во изложбените салони на националните установи музеи, во центрите и во локалните домови на културата во градовите низ целата територија на Македонија, но и во други изложбено галериски простори. Беа претставени остварувања од продукцијата на современите ликовни уметници, ретроспективни, јубилејни тематски и современи аспекти од уметноста, чија цел е развој и збогатување на уметничката продукција, притоа почитувајќи ги приоритетите за стимулирање меѓусебна соработка на националните установи и младите уметници и поттикнување на учеството на лица од маргинализираните групи.

Буџетот за визуелни уметности, архитектура и дизајн во 2025 година изнесуваше **33.702.800,00** денари, кои беа распределени за следниве активности:

| **Поддржани проекти од програмски активности** | **Вкупен број на проекти** | **Одобрени средства** |
|---|---|---|
| Национални установи | 179 | 16.921.000,00 |
| Локални установи | 15 | 915.700,00 |
| Здруженија на граѓани, асоцијации и други правни субјекти | 73 | 10.556.500,00 |
| Физички лица | 65 | 5.309.600,00 |
| **Вкупно** | **332** | **33.702.800,00** |

Горенаведената табела е табеларен приказ на програмските активности што беа поддржани со вкупен број на одобрени проекти и износ на средства: национални установи – 179 проекти со вкупен износ од 16.921.000,00 денари; одобрени проекти на Конкурсот за финансирање проекти од национален интерес за 2025 година со вкупен износ од 16.781.800,00 денари, односно поддржани се: локални установи – 15 проекти со вкупен износ од 915.700,00 денари, здруженија на граѓани, асоцијации и други правни субјекти – 73 проекти со вкупен износ од 10.556.500,00 денари и физички лица – 65 проекти со вкупен износ од 5.309.600,00 денари.

Во согласност со утврдената Годишна програма за 2025 година од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, програмските активности беа реализирани и исплатени по вкупен број на проекти и износ на средства, и тоа за: национални установи – реализирани се вкупно 168 проекти со износ од 15.454.074,00 денари, односно приближно 94 %; реализирани проекти на Конкурсот од национален интерес во културата за 2025 година: локални установи – 15 проекти, здруженија на граѓани, асоцијации и други правни субјекти – 71 проект и физички лица – 63 проекти, односно беа реализирани вкупно 149 проекти, или приближно 97 % од одобрените проекти во програмата. Високиот процент на реализирани проекти укажува на ефикасност, добра организација и успешно планирање на предвидените активности, во согласност со утврдената временска рамка, како и рационално користење на расположливите средства.

Во рамките на буџетските средства за Годишната програма, значаен акцент беше ставен на поддржаните проекти на националните установи. Генерално, пред македонската јавност беа претставени значајни изложби на автори кои имаат оставено силен белег во градењето на македонската ликовна сцена, од кои се издвојуваат јубилејните и ретроспективните изложби, кои преку внимателно селектирани експонати и современ изложбен пристап, обезбедија квалитетна презентација на уметничкото наследство, но и нова актуализација во современиот ликовен контекст, и тоа: „Архи 2, Епифанија Ретроспектива 1985/2025 на Жанета Вангели“, „Сите ја сакаат М./Everybody loves М.“, „Самостоен проект на Борис Шемов“, „Ретроспективно-монографска изложба на Кочо Фидановски“, „Јубилејна изложба Стефан Маневски, 90 години од раѓањето“, „Ретроспективна изложба на Анета Светиева“, „Нова вертикала“, самостојна изложба на Васил Василев, „Ретроспективна изложба на Кирил Ефремов“, „Јубилејна изложба – 100 години од раѓањето на Ванчо Ѓорѓиевски“.

Исто така, во согласност со приоритетите на дејноста, беа реализирани и тематски проекти, како и проекти што прават пресек на одредени периоди и стилски аспекти од актуелните тенденции во уметноста, и тоа: Интердисциплинарна програма и меѓународна изложба „Сè што ни е заедничко“ и др., како и современи проектни продукции што се спроведуваат на професионално ниво и придонесуваат кон постигнување на планираните програмски и стратегиски цели изразени преку изложбите: „Програма на современи проектни продукции во јавниот простор околу МСУ – Скопје, самостојна изложба на уметникот Ибрахим Махама“ и „Програма на современи проектни продукции на МСУ – Скопје, самостојна изложба на Цем А.“.

Настаните во овие национални установи беа позитивно прифатени од стручната јавност и од поширoката публика, со што дополнително се зацврсти културната видливост и значењето на ваквите програмски активности. Во установите, пред јавноста беа претставени и творечките опуси на автори од постарата и од помладата генерација. Во таа смисла, беа реализирани изложбите на: Благоја Маневски, Живко Поповски, Кирил Ефремов, „Лица“ – изложба на Ангел Коруновски и др.

Поддршка се даде и на проекти на млади автори, а тоа придонесе за афирмација на нови креативни уметници, како и на проекти за млади, од кои би ги издвоиле: 15. Биенале на млади уметници, едукативните работилници, како: „XVI младински пролетен салон“ и Работилницата за мозаик со млади таленти „Мозаикот денес“ на Александра Димитрова и др.

Со цел поттикнување на инклузивноста, еднаквиот пристап до културни и едукативни содржини, во националните установи беа реализирани проекти и работилници за лица со посебни потреби, и тоа: Креативен проект по повод одбележување на Меѓународниот ден на аутизам; Креативни работилници со завршна изложба по повод Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби по принцип на социјална инклузија; „Магични раце“, групна изложба на деца со посебни потреби и други.

Реализацијата на ваквите проекти придонесе за зајакнување на социјалната општествена поврзаност, зголемена видливост на различностите и еднаков пристап до културните содржини.

Еднакво беа третирани и поднесените проекти од здруженија на граѓани, асоцијации и други правни субјекти и физички лица. Од поднесените проекти од здруженија на граѓани, асоцијации и други правни субјекти и физички лица, пред македонската јавност беа презентирани изложби со квалитетни и современи авторски дела кои понудија различност и креативност, а резултатот беше големиот интерес и посета на овие изложби. Од сите нив, може да се издвојат проектите: „Македонската креативност: Од кирилица до визуелни уметности – Вол. 2/2025-та“ на Здружението за едукација во полето на аудио-видео и литературна уметност ЛАТЕРАЛ Битола, публикацијата „Владимир Георгиевски: етичкиот императив како одговор на институционализираноста на светото и егзистенцијалното“ на Друштвото за креативна работа КРОДО ДОО увоз-извоз Скопје, „Патот на фреската“ на Владимир Муковски, „Цртежи од Љубе Чаловски“ на Љубе Чаловски, а многу други изложби се истакнаа според различниот концепт од тематски и перформативен аспект, меѓу кои беа изложбите на: Ѓорѓе Јовановиќ, Владимир Темков, Славица Танеска, Ивана Урошевиќ, Кирил Пенушлиски и други.

Поддржани проекти од поголем обем и концепт се следниве: Биенална изложба на ДЛУМ „Скопски урбани приказни“ – со работен наслов „Скопско кале“ на Друштвото на ликовните уметници на Македонија – Скопје, XXII биенале на македонската архитектура „БИМАС 2025“ на Асоцијацијата на архитекти на Македонија – Скопје, 22. Меѓународен салон на Стрип, Велес 2025 – „7. Меѓународна стрип-колонија“ на Стрип-центарот на Македонија – Велес. Од проектите со манифестациски карактер се истакнуваат: „БОШ 17 фестивал“ на Здружението на граѓани за локален уметнички и културен развој „Арт еквилибриум“ – Гевгелија, 57-ма Светска галерија на карикатури – Скопје 2025 на Друштвото за новинско-издавачка дејност Остен ДООЕЛ Скопје, „Маалски фестивал 4.0“ на Јавната установа од областа на културата Културно-социјален простор Центар – Јадро, Скопје итн.

По принципот на социјална инклузија, чија цел е преку визуелните уметности социјално да се интегрираат одредени маргинализирани групи од најранлива категорија, беа поддржани одделни проекти, и тоа: 4. Фестивал на инклузија „Пристапност за сите“ на Здружението за активно вклучување и соодветен третман на лица со попреченост „Икуалити“ – Скопје, „Колонија на различностите“ на Општинската установа за култура „Дом на млади“ – Штип, „Живеј со стил – поддржи различности“ – инклузија во културата преку изложба на портрети на лица со попреченост и други.

Соодветно место во практикувањето на дејноста во целост им припаѓа и на ликовните колонии кои се појавија како потреба на самите творци за заедничко работење и споделување искуства. Од големиот број колонии кои дејствуваат во нашата земја, особено значење имаат: „Биенална изложба на 35. и 36. сесија на Ликовната колонија 'Галичник' 2024 и 2025“ на Здружението на ликовната колонија „Галичник“ од Скопје; „Ни црно ни бело – интервенирано со боја –Ликовна интервенција на предмети со боја и добивање на ликовен експонат“ на Здружението ликовна колонија „Михајлово арт“ – Кавадарци; Меѓународна ликовна колонија „Гостивар 2025“ на Здружението на ликовни уметници во Македонија „Драудакум“ – Гостивар и други.

Позитивниот тренд на флексибилна и толерантна поставеност, во која водечки принцип за прифаќањето на одделни проекти е нивниот квалитет, се однесува и на застапеноста на голем број автори од заедниците: Изет Зеќири, Бурџу Мусли, Енсар Фета, Фанољ Адеми, Газменд Изаири и др.

Покрај финансирањето на одделни проекти, во текот на 2025 година на Конкурсот за доделување месечни надоместоци на самостојните уметници за придонеси за здравствено,

пензиско и инвалидско осигурување, како и за персонален данок на доход за 2025 година, беа поддржани 61 автор со статус самостоен уметник од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот.

## ➢ КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ И ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНИ ПРОЕКТИ

Средствата за Конкурсот за финансирање проекти од национален интерес во културата со кој ќе се поттикне развојот на креативните индустрии во 2025 година во износ од 13.968.000,00 денари беа распределени за следниве видови проекти:

| | |
|---|---|
| **Одобрени проекти на Конкурсот за 2025 година** | **13.968.000,00** |
| **Реализирана програма за 2025 година** | **12.551.255,00** |
| Фестивал на креативни индустрии во траење од најмалку 15 дена (право на учество имаат само општините), со максимален износ на финансиска поддршка до 40 % од вкупното чинење на проектот, со износ до 1 800 000 денари | **1.944.000,00** |
| Фестивал на креативни индустрии кој се одржува континуирано и досега се реализирани најмалку 10 изданија (право на учество имаат правни лица, со исклучок на општините и трговци поединци), со максимален износ на финансиска поддршка до 1 200 000 денари | **3.852.000,00** |
| Фестивал на креативни индустрии кој се одржува континуирано и досега се реализирани најмалку 5 изданија (право на учество имаат правни лица, со исклучок на општините и трговци поединци), со максимален износ на финансиска поддршка до 600 000 денари | **684.000,00** |
| Фестивал/саем/манифестација на креативни индустрии (право на учество имаат правни лица, со исклучок на општините и трговци поединци), со максимален износ на финансиска поддршка до 400 000 денари | **2.744.000,00** |
| Изработка на колекција/серија на различни креативни/уметнички производи со изложба/презентација на производите (право на учество имаат физички лица и трговци поединци), со максимален износ на финансиска поддршка до 100 000 денари | **3.044.000,00** |
| Организирање конференција/форум од областа на креативните индустрии (право на учество имаат правни лица, со исклучок на општините и трговци поединци), со максимален износ на финансиска поддршка до 500 000 денари | **1.700.000,00** |

Во рамките на Конкурсот за финансирање проекти од национален интерес во културата со кој ќе се поттикне развојот на креативните индустрии, во 2025 година беа поддржани 66 проекти,

од кои: 27 на правни лица и 39 на физички лица. Од нив, 5 проекти беа откажани, а преостанатите 61 одобрен проект беа реализирани во текот на 2025 година.

Во првиот вид проекти, *Фестивал на креативни индустрии во траење од најмалку 15 дена*, финансирани се и реализирани 2 проекта, од кои се издвојува проектот на Општина Битола „Бит-фест 2025: Bitola Art Mapping" – нова креативна енергија на културното лето.

Во вториот вид проекти, *Фестивал на креативни индустрии кој се одржува континуирано и досега се реализирани најмалку 10 изданија*, финансирани се и реализирани 4 проекти, од кои се издвојуваат: „Одржлива мода и креативна традиција – развој на иновативни практики на македонската модна сцена" на Здружението за мода „Македонско модно здружение – концепт моден кластер" од Скопје, „Пин-фестивал#12 – 2025" на Друштвото за посредување и консултантски услуги „Пасворд продакшн" ДООЕЛ од Скопје, како и проектот „Недела на дизајн во Скопје/Skopje Design Week" на Здружението за културно-економски развој и поврзување „Јавна соба" од Скопје.

Во третиот вид проекти, *Фестивал на креативни индустрии кој се одржува континуирано и досега се реализирани најмалку 5 изданија*, финансирани се и реализирани 2 проекта, од кои се издвојува „Парк-фестивал и Рачно изработен рај/The Park Festival & Handmade Haven" на Д.М.П.П.У Инбокс ДООЕЛ – подружница Инбокс ентертаинмент од Гостивар.

Во четвртиот вид проекти, *Фестивал/саем/манифестација на креативни индустрии*, финансирани се и реализирани 11 проекти, од кои се издвојуваат: „Графичка точка" на Здружението на граѓани „Икон" – Асоцијација за култура од Скопје, „Етно креативни работилници Велес 2025" на Здружението на граѓани „Разбој" од Велес, „Инклузивна креативност: Фестивал за сите" на Библиотеката „Макс ван дер Штул" – Универзитет на Југоисточна Европа од Тетово.

Во петтиот вид проекти, *Изработка на колекција/серија на различни креативни/уметнички производи со изложба/презентација на производите*, финансирани се и реализирани 37 проекти, од кои се издвојуваат: „Урбана уметност – Музите од Дебар Маало" на Вангел Коџоман од Скопје, „Современ дизајн на столици за вработените во институциите од култура" на Катерина Деспот од Прилеп, „Ала турка во нова модна перспектива" на Ирина Тошева од Скопје, „Стрипот во Штип, стрипот од Штип" на Александар Стеванов од Штип, „Археологија на сегашноста" на Ана Тодоровска од Скопје, „Скарабеј од жица" на Ѓоко Гавровски од Скопје, „Синхроницитети – чувари на приказната" на Марко Трпески од Скопје, „Облици на сеќавањето – од минатото за идните

спомени“ на Бранка Данчевска од Скопје, „Урбан оклоп“ (Urban Armour) на Татјана Гиновска од Скопје, како и проектот „Ритуали“ (Rituals) на Ксенија Котева од Скопје.

Во шестиот вид проекти, *Организирање конференција/форум од областа на креативните индустрии*, финансирани се и реализирани 4 проекти, од кои се издвојува проектот „Гејм дев рев конференција“ (Game Dev Rev Conference) на Асоцијацијата на македонската индустрија за видеоигри МГИ од Скопје.

Во согласност со видот на проектот, беа поддржани проекти со следниве приоритети: Проекти кои се во функција на промоција на креативните индустрии со изразена видливост во јавноста; Проекти со кои се поттикнуваат културниот туризам и другите видови туризам во државата; Проекти кои придонесуваат за популаризација на идентификуваното природно и/или културно наследство и за поттикнување на одржливиот развој; Проекти кои придонесуваат за зачувување и практикување на традиционалните занаети, особено на оние што се во изумирање; Проекти кои придонесуваат за популаризација на македонската традиционална гастрономија и/или на македонските вина; Поддршка на конференција/форум од областа на креативните индустрии со вклученост на меѓународни и на домашни експерти; Изработка на оригинални креативни производи од областа на применетите уметности; Креирање продукти и активности кои имаат привремено/среднорочно/долгорочно влијание и економски придонес врз заедницата и релевантните сектори; Проекти со кои се интегрираат зелени практики преку културни активности за подигнување на свеста за еколошки одговорна култура; Проекти кои се во функција на достапност и вклученост на заедницата, различни групи и на публиката во проектните активности; Проекти со потенцијал за создавање или подобрување на културни активности значајни за заедницата, збогатување на локалната културна сцена преку иновативни и креативни решенија.

**МАНИФЕСТАЦИЈА „ГРАД НА КУЛТУРАТА ВО 2025 ГОДИНА“**

На Конкурсот за финансирање проект од национален интерес, манифестација „Град на културата во 2025 година“ е избрана Општина Гевгелија. Финансиската поддршка од страна на Министерството за култура и туризам за оваа манифестација за 2025 година изнесува 3.000.000,00 денари. Реализирани се над 140 настани од областа на литературата, творештвото, ликовната, драмската, филмската и музичката уметност и фолклорот во текот на 2025 година, а како

позначајни опфатени со Програмата на Општина Гевгелија за оваа манифестација се следниве: концерт на Националниот џез-оркестар; театарска претстава „Петок 13“ од репертоарот на НУ ЦК „Антон Панов“ – Струмица; театарска претстава „Вечера за глупаци“ од репертоарот на НУ Театар „Ј. Х. К. Џинот“ – Велес“; Меѓународна ликовна колонија – НУЦК „Антон Панов“ од Струмица; концерт „Бајка“, солист и диригент Ана Кондратенко, на НУ Филхармонија; креативна работилница за млади на НУ Музеј по повод 25-годишна музејска дејност; самостојна изложба на Кирил Гегоски „Апотеоза на пределот“ на НУ Национална галерија; концерт за Томе Манчев – СОКОМ; театарска претстава „Чиста куќа“ од репертоарот на НУ ЦК „Марко Цепенков“ – Прилеп; годишна изложба на ДЛУГ по повод општинскиот празник 7 Ноември на НУ Музеј – Гевгелија; концерт на „Стрингендо“; концерт на Универзитетскиот фолклорен ансамбл „Македонија 98“; концерт на ансамблот „Консонанс“; театарска претстава за деца „Црвенкапа“ – НУ Театар за деца и младинци; „Жанр-сцени“, изложба од колекцијата на НУ Национална галерија; театарска претстава „Чудесна терапија“ на НУ Драмски театар – Скопје; концерт на „Пијано трио“ – Т. Петрушевска, М. Милошевски, П. Макариевски; изложба „(По) Трагите на водата“ – акварел од колекцијата на НУ Национална галерија; концерт на камерниот оркестар „Ајга“ со Ана и Игор Дурловски; филмска реконструкција „Сведоштва“ на ЈОУ Дом на културата „Македонија“ – Гевгелија; детска едукативно-интерактивна претстава „Елза и Дедо Мраз“ на Независниот театар „Арториум“; филмска ревија од „Астерфест“ и други.

### *3. СЕКТОР ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ (СЕКТОР КНИГА)*

Во 2025 година средствата за литература и издавачка дејност беа распределени за следниве намени:

| Програмски активности | Одобрени средства |
|---|---|
| Национални установи | 10.943.000,00 |
| | |
| Вкупно средства за одобрени проекти на Конкурсот за публикации за 2025 година | 47.007.620,00 |
| Манифестации и други литературни проекти | 11.200.400,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од областа на литературата и издавачката дејност беа поддржани 461 проект, од кои беа реализирани 442 проекти, односно 96 % од вкупно поддржаните проекти во 2025 година.

Секторот за книга во 2025 година продолжи успешно да поддржува различни видови активности со кои се стимулира и се развива издавачката дејност и литературата во Република Северна Македонија. Во оваа година се поддржаа проекти од повеќе области на издавачката дејност: 416 проекти за реализација на публикации, списанија и проекти од електронското издаваштво и 45 манифестации и други литературни проекти.

Во листата на поддржани изданија се најдоа дела на млади автори кои ја градат својата професионална репутација на национално и на меѓународно ниво, но и на етаблирани, потврдени автори со светско реноме. Меѓу нив се издвојуваат: Михајло Свидерски, Оливера Ќорвезировска, Владимир Илиевски, Киро Донев, Горјан Петревски, Иван Цепароски, Драгица Поповска, Венко Андоновски, Билјана Црвенковска, Кристина Николовска, Стојан Тарапуза, Горан Стефановски, Влада Урошевиќ, Илија Ацески, Марко Китевски, Раде Силјан, Санде Стојчевски и многу други.

Министерството за култура и туризам обезбеди поддршка за сите издавачки куќи кои со години егзистираат во македонскиот културен простор, но и за поновите кои нудат квалитетна продукција на дела; институти и здруженија кои промовираат автори што творат на македонски, албански, турски, српски и ромски јазик. Особено значајно е што Министерството поддржува изданија на Брајово писмо, а тоа претставува придонес во збогатувањето на литературата за лицата со оштетен вид.

Се задржа континуитетот на одржувањето на манифестациите „Струшки вечери на поезијата“ и „Рацинови средби“, како и реализацијата на програмските активности на Друштвото на писателите на Македонија.

## 4. ***СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО***

### ➢ БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ

Во 2025 година средствата од буџетската програма за библиотечната дејност беа распределени за следниве намени и активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| **Национални установи** – проекти и други тековни трошоци | 18.842.555,00 |
| **Локални установи** | 2.339.663,00 |
| **Други буџетски корисници** | 61.200,00 |
| Здруженија на граѓани | 753.000,00 |
| Физички лица | 344.500,00 |
| ВКУПНО | **22.340.918,00** |

Во 2025 година средствата од буџетската програма за библиотечната дејност беа распределени за следниве намени и активности:

На Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од библиотечната дејност за 2025 година се поддржани вкупно 145 проекти, и тоа: 104 проекти на национални библиотечни установи и други национални установи, 32 проекта на 15 локални установи, 4 проекти на 3 здруженија на граѓани, 1 проект на 1 друг буџетски корисник и 4 проекти од физичка лица. Реализирани се 143 проекти и искористени се сите одобрени средства за оваа година. Не се реализирани само два проекта од национални установи (од кои средствата се искористени/пренаменети за други намени) и еден проект е реализиран со преведување само на првиот дел од средствата.

Основните и битни функции на секоја библиотека што претставуваат и законска обврска се поддржуваа и во 2025 година. Како такви се: збогатувањето на книжниот фонд на библиотеките,

континуираното функционирање на библиотечно-информацискиот систем КОБИСС.МК, стручното оспособување на библиотечен кадар, а за заштитата на целокупниот библиотечен материјал се преземаат сите мерки и постапки за да се спречи, одложи или намали оштетувањето на библиотечниот материјал.

Најзначајни проекти за 2025 година поддржани во рамките на Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес подредени по области се следниве: купување публикации; мобилен информатички и комуникациски центар; подготвување информации за националната издавачка продукција преку изработка и објавување на македонската тековна библиографија и други библиографии; претплата за онлајн електронски списанија и книги и офлајн информациски бази на податоци; конзервација, реставрација и превентивна заштита на библиотечниот материјал; континуирано функционирање на библиотечно-информацискиот систем КОБИСС.МК  и основна функционалност на центарот НУБ – ВБМ, стручно оспособување на библиотечен кадар, проекти за лица со посебни потреби, проекти наменети за деца и активности за популаризација на книгите.

Збогатувањето на книжниот фонд и натаму останува една од основните и битни функции на секоја библиотека. Тоа се претежно изданија преку кои се следи македонската тековна издавачка продукција и по нивната обработка стануваат јавно достапни за користење. Се купуваат македонски публикации за меѓународна размена, преку кои на меѓународната јавност перманентно ѝ се презентира и ѝ станува достапна книжната или поинаку публикувана продукција. На овој начин, македонската издавачка продукција е застапена во голем број светски библиотеки, универзитетски, славистички и научни центри.

За да дојде книгата до читателите во најтешко достапните места во нашата држава, Министерството поддржува и подвижни библиотеки. Даде поддршка за одржувањето на мобилниот информатички и комуникациски центар – ИНФОБУС, кој успешно опслужува 18 населени места во Општина Штип. Во овие места живее различно етничко население.

Македонската тековна библиографија има цел да ја презентира издавачката продукција на монографски публикации, статии, прилози и сериски публикации издадени во Република Македонија. Свеските од сериите од Македонската тековна библиографија се дистрибуираат до библиотеките во Република Северна Македонија и до сто и дваесет светски библиотеки, а со тоа се

афирмираат македонските културни и научни достигнувања. Се врши унапредување на информациските услуги во квалитативна и во квантитативна смисла, нивно промовирање, презентирање, како и пребарување од корисници кои се дел од научната и културната јавност во земјава и во странство. Со средствата одвоени за оваа намена се овозможува пристап до електронски списанија, електронски книги, документи, мапи, фотографии и други материјали.

За заштитата на целокупниот библиотечен материјал се опфатени сите мерки и постапки за да се спречи, одложи или да се намали оштетувањето на библиотечниот материјал, на книжниот фонд, на македонскиот задолжителен архивски примерок, како и за заштита на старите ракописи, старопечатените и ретките книги.

За обучување стручен кадар за користење на информатичката опрема и за работа со КОБИСС-програмата, во НУ Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје се одржуваат курсеви и обуки за едукација и стручно оспособување на постојниот библиотечен кадар од сите национални, јавни и библиотеки во установи што не се од културата.

Поддржани се проекти наменети за неподвижни и изнемоштени лица кои, за жал, се наоѓаат во подредена состојба, изолација и нема сериозен пристап за овозможување на нивната ресоцијализација и вклучување во нормалниот живот. Со овие проекти се придонесува за поголема интеграција на овие лица во општеството, а со самото тоа ќе се промени и содржината на секојдневието на оваа категорија граѓани, за кои општеството има обврска да стори нешто повеќе.

Многубројни се и проектите што се наменети за помладата популација во општеството – децата. Целта е нивно привлекување и анимирање преку афирмација и популаризација на библиотеката.

Промовирањето и презентирањето на тековната книжна продукција и на новооткупените книги беа присутни речиси во секоја библиотечна установа во државава. Имено, поддржани се сите библиотечни установи што доставиле пријави за финансирање вакви проекти.

Поддржани се и реализирани проекти кои опфаќаат разни стручни работилници, особено за училишните библиотеки, проекти кои опфаќаат најнови трендови на библиотечното работење и др.

Исто така, треба да се нагласи дека се поддржани голем број проекти, особено на локалните установи, за изградба на рафтови и сталажи за сместување на новонабавениот и на тековниот фонд на библиотеките, но и работилници, односно форуми за размена на идеи за добра практика во библиотечното работење.

- МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ И ЗАШТИТА НА НЕМАТЕРИЈАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Во 2025 година средствата од музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| **Национални установи** | **45.907.376,00** |
| **Програмски средства**<br>**(проекти, материјални трошоци за работа на установите и агенциско обезбедување)** | **42.442.204,00** |
| **Трошоци за електрична енергија, за греење и комунални трошоци** | **27.821.321,00** |
| **Испратнина и парична помош за вработените** | **1.246.855,00** |
| | |
| **Одобрени проекти на Конкурсот за 2025 година** | **13.387.220,00** |
| **Локални установи** | **2.673.800,00** |
| **Други буџетски корисници** | **4.103.440,00** |
| **Здруженија на граѓани и НВО** | **4.813.930,00** |
| **Поединци – физички лица** | **1.796.050,00** |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство беа поддржани 235 проекти од областа на археологијата, етнологијата, историјата, историјата на уметноста, природонауката и заштитата на нематеријалното културно наследство. Три национални установи беа со делегиран буџет, а другите национални установи реализираа годишни

програми со вкупно 152 проекта; 22 проекта беа реализирани од локални музејски установи; 13 проекти од други буџетски корисници; 33 проекти од здруженија на граѓани и НВО и 15 проекти од поединци – физички лица. Од целокупната Програма 80, беа реализирани 99,6 % од одобрените средства во 2025 година.

Во Програмата за 2025 година, фокусот беше ставен на: систематски археолошки, природонаучни и етнолошки истражувања; каталогизација и конзервација на музејските предмети и заштита на визуелната етнологија; откуп; воспоставување нови музејски поставки и осовременување на депоата. Исто така, беа реализирани низа тематски изложби од богатата ризница на археолошки, етнолошки и историски предмети. Беа организирани и едукативни работилници за деца и млади, како и изложби и работилници за лица со попреченост. Како дел од Програмата за 2025 година треба да се спомне и одржувањето на традиционалните карневали во Вевчани, Струмица и во Кавадарци.

Исто така, како приоритетни активности беа издвоени: непосредната заштита на сите видови движно културно наследство, вклучително и валоризацијата и ревалоризацијата на движното и нематеријалното културно наследство; обезбедувањето траен електронски запис и ефикасен пристап до документацијата за културните добра, како и унапредувањето на процесите за дигитализација и употреба на дигитални алатки за зачувување, презентација и промоција на културното наследство.

- **ЗАШТИТА НА НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО**

Во 2025 година средствата во областа на заштитата на недвижното културно наследство беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални установи (програми 50, 58, 59 и 81) | **44.512.591,00** |
| Национални установи со делегиран буџет (50, 58, 59 и 81) – програмски средства и материјални трошоци за работа на установите | **26.860.000,00** |
| Трошоци за електрична енергија, за греење и комунални трошоци | **12.088.681,00** |

| | |
|---|---|
| Други исплати | **343.333,00** |
| Локални установи | **200.000,00** |
| Други буџетски корисници | **412.000,00** |
| Здруженија на граѓани и НВО | **2.648.500,00** |
| Поединци – физички лица | **851.000,00** |

Во текот на 2025 година, националните установи од областа на заштитата на културното наследство реализираа значаен број проекти за конзервација, реставрација, истражување и презентација на недвижното и аудиовизуелното културно наследство низ целата држава.

Преку програмите **50, 58, 59 и 81** беа опфатени **156 проекти**, со вкупен износ на **одобрени средства од 121,9 милиони денари,** од кои **87,9 милиони денари се реализирани,** што претставува **вкупна реализација од 72 %:**

- **156 проекти** реализирани низ целата држава;
- **Вкупно доделени средства:** 121.967.343,00 денари;
- **Реализирани средства:** 87.916.105,00 денари, што претставува **72 % реализација;**
- Средствата беа рационално распределени помеѓу национални и локални установи и другите корисници, со пренамена на дел од средствата кога тоа беше потребно за поефикасна реализација на проектите.

Особено висока реализација е остварена кај **Програма 59 – капитални проекти** (100 %), **Програма 81 – аудиовизуелни добра** (100%), како и кај делегираните буџети кај повеќе национални установи (до 96 %).

Со овие резултати, институциите од областа на заштитата на културното наследство во 2025 година дадоа значаен придонес во зачувувањето на културните добра и нивно пренесување на идните генерации. Активностите на националните установи од областа на заштитата во 2025 година беа посветени на **заштита, конзервација, реставрација и презентација на нашето недвижно културно наследство**, како и на поддршка на аудиовизуелните добра, со цел тие да останат достапни и за идните генерации.

Реализацијата на програмите за 2025 година потврдува **континуирана, системска и одговорна грижа за културното наследство,** со високо ниво на реализација кај поголемиот дел од проектите и целосна реализација кај повеќе национални установи. Министерството за култура и туризам ќе дава континуирана поддршка за преостанатите проекти кои се во фаза на продолжена реализација, во согласност со законските и програмските обврски.

Меѓу клучните активности се издвојуваат: конзерваторско-реставраторски зафати на цркви, манастири, џамии и археолошки локалитети; изработка на конзерваторски и валоризациски елаборати; како и заштита и дигитализација на културното и филмското наследство. Пренамената или затворањето на одредени проекти со анекси е извршено во согласност со законската регулатива и реалните услови на терен, со цел **рационално, транспарентно и одговорно управување со јавните средства.**

Во оваа област, и во 2025 година вниманието беше насочено кон:

<u>Капитални проекти – Програма на Владата</u>

**НУ Конзерваторски центар – Скопје – Шалтер-сала**

- За проектот **препокривање и ентериерно уредување на шалтер-салата на новата пошта и адаптација во мултимедијален културен центар**, добиено е конзерваторско одобрение од Управата за заштита на културното наследство.

Следува постапка за добивање одобрение за градба од Министерството за транспорт и врски.

**Стоби – Центар за посетители**

- Во тек е поставувањето на систем за ладење, греење и вентилација во рамките на проектот за **адаптација на старата железничка станица во центар за посетители,** со планирано ставање во функција до крајот на годината. Во 2026 година се предвидени партерно и тековно уредување, како и уредување на изложбената поставка.

**Струмица – црква „Св. Кирил и Методиј“**

- Целосно се реализирани препокривањето на објектот и санацијата на екстериерот. Проектот продолжува и во наредната година, во согласност со динамиката по фази.

**Водоча – комплекс „Водочки цркви“**

- Во рамките на конзерваторскиот проект за санација на покривната конструкција на црквата „Св. Леонтиј“, целосно е препокриен тремот. Активностите продолжуваат и во следниот период.

**Билазора – археолошки локалитет Свети Николе**

- Завршена е конзервацијата на влезната партија од палатата, а со тоа се реализирани сите планирани активности за 2025 година. Конзерваторските зафати продолжуваат и следната година.

**Битола – Јени џамија**

- За проектот за **конзервација и реставрација на ентериерот на Мехмед-ефенди – Јени џамија,** реализирани се планираните активности за 2025 година.

**Разловци – Спомен-дом на Разловечкото востание**

- Успешно е спроведена тендерската постапка и е избран изведувач, со што се создадени услови за започнување на реализацијата.

**НУ Национален конзерваторски центар – Скопје**

- Вкупно реализирани 31 проект.
- Конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во црквите во **Старо Нагоричане, Лешок и Лесновскиот манастир.**
- Повеќе фазни интервенции на манастирски и црковни комплекси од национално значење.
- Изработка на конзерваторски проекти за сакрални и профани објекти.
- Изработка на заштитно-конзерваторски основи за потребите на **Просторниот план на РСМ.**
- Активности насочени кон заштита на културното наследство во опасност.
- **Финансии:** одобрени се 29 милиони денари, а реализирани >16 милиони денари (55 %).

**НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола**

- Програма 50: 14 проекти, одобрени 9.410.000,00 денари, реализирани 5.715.449,00 денари (> 60 %).
- Програма 59: адаптација на старото училиште во с. Љубојно – реализација >99 %.
- Најзначајни активности:

– конзервација на **Јени џамија;**

– заштита на археолошки локалитети: **Хераклеја Линкестис, Курбиново, Гопеш;**

– реставрација и адаптација на историски објекти од културно значење.

**НУ Конзерваторски центар – Гостивар**

- Конзервација и реставрација на куќи од локалното културно наследство: куќата на **Трпески** и куќата на **Пандилоски и Михајлоски.**
- Основен проект за конзервација и реставрација на куќата на **Даут Болетини.**
- Конзервација на мозаикот **„Човек и светлина“** од авторот **Глигор Чемерски.**
- Реставрација на црквата „**Св. Димитрија**“.
- Трета фаза на конзервација, реставрација и реконструкција на **Старата џамија,** с. Равен.

**НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско**

- Целосна реализација на проектите за 2025 година.
- Конзервација, реставрација и археолошки истражувања:

– **градба со арки;**

– **римски театар;**

– **резиденцијален и комерцијален кварт;**

– **јужен градски бедем и порта;**

– адаптација на **старата железничка станица** во **центар за посетители;**

– партерно уредување и тековно одржување на локалитетот.

**Други национални установи**

- **Охрид:** конзервација на живопис и археолошки истражувања.
- **Струмица:** манастир „Св. Леонтиј“ – Водоча, Бања Банско, археолошки истражувања.
- **Прилеп:** археолошки локалитети Стибера и Трескавец, Крушево.
- **Штип:** археолошки локалитет Баргала, Музеј на револуционерната борба, Тврдина Исар.
- **Кинотека на РСМ – Скопје:** заштита, обработка и презентација на филмско и аудиовизуелно наследство.

2025-та беше година на **континуирана грижа за културното наследство.** Преку реализираните проекти, Министерството за култура и туризам и националните установи покажаа:

- високо ниво на професионалност и стручност;

- транспарентно и одговорно управување со јавните средства;
- акцент на заштита, конзервација и презентација на значајни објекти на национално и на локално ниво;
- интеграција на современи технологии и методи за зачувување на наследството.

Министерството за култура и туризам и понатаму ќе продолжи да **поддржува и да ја следи континуираната реализација на проектите**, со цел трајно зачувување и подобра презентација на културното наследство пред домашната и меѓународната јавност.

Во областа на заштитата на аудиовизуелните добра, во 2025 година како позначајни проекти се истакнуваат: истражување и прибирање филмови, филмски и видеоматеријали, музејски експонати, пропаганден материјал и друга кинотечна граѓа од поединци и институции од земјава и од филмски архиви и кинотеки од светот (аматерски/алтернативни филмови), кои се однесуваат или се снимени во Македонија; обезбедување светски права и целосна сопственост над македонски филмови; како и преземање, прибирање, чување, заштита, обработка и каталогизација на филмови, филмски и видеоматеријали, музејски експонати, пропаганден материјал и друга кинотечна граѓа.

Исто така, продолжи востановената практика за тематски проекции на домашни и меѓународни филмски остварувања кои се прикажуваат во кинотечното кино преку годишна филмска програма и популаризација и презентација на македонската филмска продукција.

## *5. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО*

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата за 2025 година, средствата за меѓународна дејност беа распределени во рамките на Програма 90 (билатерална и мултилатерална соработка) и Програма 93 (културно-информативни центри во странство), за реализирани активности, настани и проекти од областа на меѓународната културна соработка и соработката со УНЕСКО.

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| **Национални установи** | |
| Програма 90 (билатерална, мултилатерална) | 41.703.683,00 |
| Програма 93 (центри во странство) | 880.000,00 |
| | |
| **Одобрени проекти на други корисници, котизации, комисии, фактури, КИЦ** | |
| Програма 90 (билатерална, мултилатерална) | 50.786.269,00 |
| Програма 93 (центри во странство) | 11.926.984,00 |
| Програма 93 (проекти, кирии, плати и тековно одржување на КИЦ) | 45.139.159,00 |

***Реализација на проекти и меѓународни настапи во 2025 г.***

Во 2025 година, меѓународната културна дејност, во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата, беше одбележана со високо ниво на реализација и зголемена видливост на македонската култура на регионално, европско и на светско ниво. Во Програма 90 беа поддржани вкупно 174 проекти, од кои беа реализирани 167 (95,9 %) проекти, додека во Програма 93 беа поддржани вкупно 114 проекти од кои 31 проект на директорите на КИЦ во странство, од кои вкупно 108 (94,7 %) беа реализирани.

Од поддржани 55 проекти на националните установи во Програма 90, реализирани беа 52 (94,5%) проекти, а од поддржаните 6 проекти на националните установи во Програма 93, сите беа реализирани.

Во овие податоци се вклучени проектите на НУ и на други корисници од областа на меѓународната културна соработка кои од објективни причини не можеле да бидат доставени на Годишните конкурси на Министерството за култура и туризам и се доставени како вонпрограмски активности во согласност со член 64 (став 3) од Законот за култура.

Во 2025 година Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО успешно ги реализираше планираните активности, придонесувајќи кон зголемена меѓународна афирмација на македонската култура, јакнење на културната дипломатија и продлабочување на билатералната и мултилатералната соработка.

Меѓу најзначајните претставувања на меѓународната сцена, се издвојува претставувањето на нашата држава на Светската изложба „ЕКСПО 2025“ во Осака, Јапонија, како и одбележувањето на Денот на независноста, 8 Септември. На овој реномиран светски настан беа реализирани четири ексклузивни содржини, и тоа: настапот на националниот Ансамбл за народни игри и песни „Танец“; настапот на македонските оперски пејачи Ана и Игор Дурловски со Камерниот оркестар „Ајга“, кои претставија дел од македонската традиција, односно македонските народни песни обработени и стилизирани од македонскиот композитор Сони Петровски; концертот на познатиот џез-гитарист и автор Владимир Василески-Четкар; настапот на Кирил Џајковски со неговиот бенд, како еден од најценетите електронски музичари и еден од првите продуценти што ги воведоа балканските звуци во модерната електронска музичка продукција.

Во македонскиот павилјон, во кој просечно се регистрираа по 30 000 посетители дневно, гостите имаа можност да се запознаат со културното наследство, туристичкиот потенцијал, природните убавини, уникатното наследство под заштита на УНЕСКО, како и богатата гастрономска традиција. Со тоа, Македонија се претстави како атрактивна туристичка дестинација подготвена да понуди незаборавно искуство во духот на автентичноста и гостопримството.

Република Северна Македонија во 2025 година имаше впечатливо учество на 19. Меѓународна изложба на архитектурата – La Biennale di Venezia со проектот „Страда бруталисима“ (Strada Brutalissima“ на авторот Благоја Бајковски, а носител на проектот беше Националната галерија на РСМ, во соработка со Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во

Скопје и поддржан од страна на Комората на овластени архитекти и овластени инженери. Македонскиот павилјон беше рангиран меѓу 10-те највпечатливи од вкупно 66 земји учеснички.

На традиционалната манифестација „Македонија во чест на Св. Кирил во Рим“, што Министерството за култура и туризам ја реализира веќе пет децении, концерт одржа светски познатиот македонски пијанист Симон Трпчески со квинтетот „Македонисимо“, кои го освоија вниманието на римската публика.

Од меѓународното претставување на нашите национални установи, особено се издвојуваат: балканско-европската турнеја на Македонскиот народен театар по повод 80-годишнината од неговото постоење, со гостувања во: Црна Гора, Босна и Херцеговина, Србија, Унгарија и Република Бугарија; традиционалната Регионална унија на театри „Рута“ која овозможи претставување на Драмскиот театар во Љубљана, Белград, Тиват, Сараево и на Бриони; турнејата на Националната опера и балет во Португалија, Холандија и во Белгија; историското претставување на Филхармонијата на РСМ во престижната сала на „Мјузикферајн“ во Виена со солистите Ана и Игор Дурловски кон крајот на годината.

Културно-информативните центри во странство и во 2025 година претставуваа клучен инструмент на културната дипломатија на Република Северна Македонија. Програмите на центрите во Белград, Загреб, Софија, Истанбул и во Њујорк беа реализирани со висок степен на посетеност и позитивен одзив кај странската јавност. Особено значајни беа активностите поврзани со: одбележување на 80-годишнината од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, јубилејот 20 години постоење на КИЦ Софија, промоција на современата македонска книжевност и преведувачката дејност, афирмација на нематеријалното културно наследство впишано на листите на УНЕСКО.

Во 2025 година започна да работи Македонскиот културно-информативен центар во Белград, со програмата „Ајде, слушај, слушај...“, во чии рамки беа исполнети македонски чалгиски песни и етномузика во современ аранжман, а во ликовниот дел беа претставени дела од 25 ликовни уметници од Друштвото на ликовни уметници Македонци во Србија.

Македонскиот културно-информативен центар во Софија, по повод одбележувањето на 20-годишнината од неговото основање, организираше трибина на тема „Стратешки цели и развој на културната дипломатија – улогата на културно-информативните центри“. Говорници на трибината

беа директорите на македонските културно-информативни центри во Загреб, Белград, Истанбул и во Софија, кои иницираа конструктивна дискусија за актуелната и за идната улога на овие институции, со посебен акцент на нивниот придонес во унапредување на културната дипломатија, преку размена на искуства, предизвици и визии за развој.

Во КИЦ во Тирана беше организирана првата „Недела на македонската култура“ во Тирана, како значајна манифестација за промоција на културата, туризмот и економијата на Република Северна Македонија, а во Македонскиот културен центар во Њујорк се издвојува реализацијата на архитектонската изложба „Жените во македонската архитектура: обновата на Скопје“.

Во рамките на програмата за одбележување на 80-годишнината од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, Македонскиот КИЦ во Загреб и Амбасадата на РСМ во Загреб организираа пригоден настан, кој беше реализиран во соработка со Лекторатот по македонски јазик при Филозофскиот факултет во Риека. Оваа година во рамките на официјалната фестивалска програма на 59. Меѓународна смотра на фолклорот, Македонскиот КИЦ во Загреб учествуваше со свој проект посветен на одбележувањето на 10- годишниот јубилеј од впишувањето на „Гласоечко пеење“ на листата на УНЕСКО, на тема „Нематеријална култура и идентитети – македонски и хрватски елементи на листите на УНЕСКО“. На фестивалот се претстави и фолклорната група „Копачка“ од с. Драмче, Делчево, уште едно македонско нематеријално добро впишано на листата на УНЕСКО.

Успехот на македонските културно-информативни центри во странство е резултат на континуираната и стратешка поддршка од институциите на државата. Визиите и заложбите на Владата, заедно со посветената соработка меѓу Министерството за култура и туризам и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, создадоа цврста основа за нивно дејствување. На тој начин, културно-информативните центри се етаблираат како динамични и влијателни носители на македонската култура на меѓународната сцена.

Од претставувањата на граѓанските здруженија и македонските автори и уметници, значајно е да се спомнат: претставувањето на Република Северна Македонија на Меѓународниот саем на книгата во Франкфурт, Германија, во организација на здружението Македонска асоцијација на издавачи во Република Македонија од Скопје; учеството на хорскиот камерен состав „Св. Злата Мегленска“ на Фестивалот на европска црковна музика во Швебиш Гмунд, Германија; реализацијата на концертите на Ева Богоевска во Мадрид, Шпанија, на Арда

Мустафаоглу во Франција, Италија, Словенија и во Германија, на „Сашо Поповски квартет“ во Гранада, Шпанија, на „Македонскиот брас-квинтет“ во Равена, Италија, на Дарко Багески во САД; гостувањата на културно-уметнички друштва во: Турција, Шпанија, Италија, Полска, Романија; реализација на изложби на Јана Манева-Чупоска, Решат Амети, Сергеј Андреевски, Симонида Филипова-Китановска, Иван Ивановски во Чешка, Австрија, Романија, Перу, Кина и др.

2025 година ја одбележа и воспоставената соработка со Германскиот археолошки институт и Археолошкиот музеј од Франкфурт, што неодамна беше официјализирана и со потпишувањето билатерални документи со Министерството за култура и туризам и Музејот на град Скопје. Врз основа на оваа соработка, во рамките на „Museumuferfest“ во Франкфурт, многубројните посетители имаа можност да ја проследат и изложбата на Музејот на град Скопје „Масовната гробница во Скупи – една темна страна на римската историја“, која во Археолошкиот музеј во Франкфурт беше отворена минатата година и беше посетена од над 10 000 посетители.

Од исклучително значење е да се спомне и петтата седница на мешовитата комисија по Договорот за економска соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Унгарија што се одржа во октомври, на која е потпишана и Програмата за соработка во областа на културата и уметноста меѓу Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Министерството за култура и иновации на Унгарија, како и остварената средба со колегите од Министерството за култура на Чешка во рамките на состанокот на Мешовитиот комитет за соработка меѓу двете држави.

***Мултилатерална соработка и соработка со УНЕСКО***

Во 2025 година продолжи активната соработка со УНЕСКО, со посебен фокус на: заштита на природното и културното наследство на Охридскиот Регион, промоција на нематеријалното културно наследство, учество во програмите и иницијативите на УНЕСКО од обласа на културата и образованието.

Република Северна Македонија активно учествуваше во подготовките и процесите поврзани со сесиите на Комитетот за светско наследство и Меѓувладиниот комитет за нематеријално културно наследство.

Делегација од нашата држава учествуваше на Светската конференција на УНЕСКО за културни политики и одржлив развој „Мондиакулт“ во Барселона, на која се презентираа

националните, регионалните и меѓународните достигнувања во делот на културата по усвојувањето на Декларацијата „Мондиакулт“ од 2022 година.

Присутни бевме и на 43. сесија на Генералната конференција на УНЕСКО што се одржа во Самарканд, Република Узбекистан. На двонеделното заседание беа усвоени значајни документи што ги одредуваат буџетот и програмата за работа на УНЕСКО за следниот период.

Оваа година на 47. сесија на Комитетот на УНЕСКО за светско наследство успеавме да го одложиме впишувањето на „Природното и културно наследство на Охридскиот Регион“ на Листата на светско наследство во опасност. Во периодот што следува посветено ќе се работи на исполнување на препораките од реактивните мониторинг-мисии и одлуките на Комитетот за зачувување на исклучителната универзална вредност на регионот.

Во рамките на меѓународната соработка, 2025 година ја заокруживме како домаќини на министерската конференција на Советот на министри за култура од Југоисточна Европа „Културата во функција на одржливиот развој“, во чии рамки беше донесена и Охридската декларација за новите одржливи модели за иднината.

Во 2025 година, Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО успешно ги реализираше планираните активности, придонесувајќи за зголемена меѓународна афирмација на македонската култура, јакнење на културната дипломатија и продлабочување на билатералната и мултилатералната соработка. Извештајот потврдува континуитет, стратешка насоченост и високо ниво на реализација на програмите од национален интерес во културата на меѓународен план.

## 6. *СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ*

**Во 2025 година, средствата за Програмата од областа на европските интеграции беа распределени за следниве активности:**

| **Програмски активности** | **Исплатени средства** |
|---|---|
| **Национални установи** | **Вкупно: 2.557.480,00** |
| Програмски средства (финансиска поддршка за одобрени проекти на националните установи на Конкурсот за 2025 година) | **2.557.480,00** |
| | |
| **Други корисници** | **Вкупно: 9.179.098,00** |
| Програмски средства (за поддржани проекти од програмата „Креативна Европа 2021 – 2027, потпрограма Култура“ на правни лица од Република Северна Македонија) | **5.003.809,00** |
| Програмски средства (за влезен билет за програмата „Креативна Европа – потпрограма Култура 2021 – 2027“ за 2025 година) | **2.033.000,00** |
| Програмски средства (за влезен билет за учество во Програмата за културните рути на Советот на Европа) | **590.000,00** |
| Програмски средства (за реализација на проектот „Мапирање на креативните индустрии во Република Северна Македонија“) | **1.000.000,00** |
| Програмски средства (за организирање еднодневен настан на 16 април 2025 година во Скопје, на тема: „Форум за културните рути на Советот на Европа во функција на развојот на културниот туризам“) | **412.290,00** |
| Програмски средства (за надомест на членовите на Комисијата за оценување на пријавите од Конкурсот за Креативна Европа (2021 – 2027) за 2025 г.) | **39.999,00** |
| Програмски средства (пренесени обврски од 2024 во 2025 година, за надоместок за надворешен соработник за доставување Информација за развој на креативните индустрии во Македонија, компаративна анализа на искуства и практики од други земји и изготвување нацрт-текст на Конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на креативните индустрии за 2025 година – Решение на министер бр. 53-8802/1 од | **100.000,00** |

| | |
|---|---|
| 02.10.2024 година и Решение за изменување на Решението за определување на надворешен соработник бр. 53-8802/3 од 15.11.2024 година) | |
| **Вкупно исплатени средства за реализација на Програмата на Секторот за европски интеграции за 2025 година** | **11.736.578,00** |

**1. Програма „Креативна Европа на ЕУ (2021 – 2027)“**

Во 2025 година, во согласност со препораките на Европската комисија дадени на 20-тиот Поткомитет за иновации, информациско општество и социјална политика, одржан на 23 јануари 2024 година преку ВТЦ, Министерството за култура и туризам, како координативно тело, во соработка со Агенцијата за филм на Северна Македонија, започна постапка за преземање на административната надлежност над потпрограмата „МЕДИА“. На 11 март 2025 година (на 57-та седница на Владата на РСМ) беше донесена одлука за префрлување на администрирањето на Канцеларијата за МЕДИА под надлежност на Министерството за култура. Во мај 2025 година беше потпишан монокориснички грант-договор со Извршната агенција, по што Канцеларијата продолжи да ги спроведува програмските активности за двете потпрограми – „Култура“ и „МЕДИА“, а во рамките на монокорисничкиот грант-договор потпишан со Европската комисија во мај 2025 година.

1. Реализирани јавни настани:

Канцеларијата продолжи да ја промовира програмата „Креативна Европа (Култура и МЕДИА)“ преку јавни настани. Одржани се 11 јавни настани наменети за корисниците на ККС и филмскиот сектор, и тоа:

- Панел-сесии на тема: „Креативна Европа – Соработка, мобилност и вмрежување“ – 24 јуни 2025, Скопје.

Настанот беше организиран од Канцеларијата на Креативна Европа – Северна Македонија, во партнерство со канцелариите на Креативна Европа од Словенија и од Босна и Херцеговина, и во соработка со други меѓународни, регионални и домашни организации и институции, меѓу кои: Меѓународната мрежа „Во движење/On the Move“ – Белгија/Франција; Центарот за современи уметности „Топлоцентрала“ – Софија, Бугарија; Центарот за современи уметности – Скопје, Младинскиот културен центар – Скопје; Институтот ФАМЕС – Скопје, ПИН музичка

конференција – Скопје; Скопскиот џез-фестивал; Македонската асоцијација на џез-музичари и слободни уметници; НУ Оркестар за џез-музика; Европската киномрежа (Europa Cinemas) – Франција; НУ Кинотека на Македонија; НУ Центар за култура – Битола.

Панел-сесиите опфатија повеќе аспекти поврзани со значењето на европската културна соработка, мобилноста и вмрежувањето. Особено внимание беше посветено на секторските политики, вклучително и музичкиот сектор и филмската индустрија, со фокус на значењето на Европската киномрежа и можностите за регионална и меѓународна соработка.

- Работилница посветена на повикот за „Европски мини слејт развојни проекти“ на потпрограмата „МЕДИА“ во организација на Канцеларијата за Креативна Европа, во соработка со експерти од хрватска и со Фестивалот за креативен документарен филм „16. Македокс“. Работилницата беше наменета за продуцентите кои планираат да поднесат апликации во рамките на тековниот повик.
- Можности за аплицирање во рамките на потпрограмата „МЕДИА на Креативна Европа“ – Европска куќа (Europe House) во Тетово.

Во рамките на 14-тото издание на Меѓународниот филмски фестивал се одржа тркалезна маса на тема: Можности за аплицирање во рамките на потпрограмата „МЕДИА на Креативна Европа“ во Европската куќа во Тетово.

Сесијата беше во организација на Канцеларијата за Креативна Европа при Министерството за култура и туризам, Меѓународниот филмски фестивал во Тетово и Европската куќа во Тетово.

- Дводневниот транснационален настан на тема: „Унапредување на културното наследство преку европска соработка – мрежи, мобилност и можности за финансирање од ЕУ“, одржан на 14 и 15 октомври 2025 година. Настанот се реализираше во организација на Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија (Канцеларија на Креативна Европа), во партнерство со: Делегацијата на Европската Унија и Европската куќа во Скопје, Министерството за образование и наука, Агенцијата за европски образовни програми и мобилност, НУ Завод и музеј – Битола, НУ Археолошки музеј на РС Македонија, НУ Стоби, Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Центарот за нови иницијативи во уметноста и културата – Локомотива, Скопје.

Тематски настанот се фокусираше на културното наследство како основа врз која се темелат политиките на Европската Унија и можностите за финансирање преку програмите „Креативна Европа“, „Еразмус+“ и „Хоризонт Европа“.

- Во периодот 18.11. – 2.12.2025 година се реализирани 7 информативни сесии за Креативна Европа (Култура, МЕДИА и Меѓусекторска потпрограма) во просториите на „Европска куќа“ (Europe House) во седум градови во земјава, наменети за организации, уметници и професионалци од културниот, креативниот и филмскиот сектор, со цел да се поттикне нивна активна вклученост во европските проекти и да се унапреди нивниот професионален и институционален развој.

2. Учество на јавни настани:

- Учество на јавниот настан „Копродукција меѓу Франција и земјите од Западен Балкан: структурирање, поддршка и валоризација на филмското творештво“ одржан на 3 јули 2025 година, организиран од Амбасадата на Франција и од Францускиот институт во Скопје;
- Учество на завршната онлајн конференција на проектот „Reimagine“, на тема: „Знаење, импакт, иднина“, поддржан од потпрограмата „Култура“, која се одржа на 19 септември 2025 година, во организација на партнерските организации на овој проект;
- Учество на редовниот состанок на канцелариите за Креативна Европа во организација на ЕК и Извршната агенција за образование и култура при ЕК, од 1 до 3 октомври 2025 година, а во чии рамки се одржа посебна сесија за Западен Балкан на тема: „Релевантноста на вмрежувањето и мобилноста и кофинансирање – модели и предизвици“ во организација на нашата канцеларија и канцелариите на Креативна Европа од Западен Балкан;
- Учество на „ПИН музичка конференција и презентација“ (PIN Music Conference and Showcase), корисник на Креативна Европа, од 27 до 29 ноември 2025 година;
- Учество на Европската филмска ноќ во Битола, во организација на Центарот за култура во Битола како членка на мрежата „Europa Cinemas“, на 3 декември 2025;
- Редовно учество на состаноци на мрежата на Креативна Европа и следење на различни вебинари преку платформата „Тимс“.

3. Реализирана билатерална, регионална и европска соработка со канцелариите за Креативна Европа, со посебен фокус на соработка со канцелариите од Западен Балкан и Европската комисија, а со цел планирање на заедничките активности за 2026 година.

4. Подготвени и објавени новата веб-страница на Канцеларијата за Креативна Европа www.ced.mk и фејсбук-профилот на Канцеларијата https://www.facebook.com/Creative.Europe.Desk.MK/.

5. Реализирана редовна медиумска промоција на програмата, на актуелните повици и новости преку електронските медиуми, веб-страницата и фејсбук-профилот на Министерството за култура и туризам, како и на новата веб-страница и на фејсбук-профилот на Канцеларијата.

6. Изработени и поделени промотивни материјали на Канцеларијата за Креативна Европа.

7. Изработка и доставување на извештајот во рамките на грант-договорот бр. 101101834 за Канцеларијата за Креативна Европа за периодот од 2022 до31 декември 2024 година преку порталот за финансирање и можности на Европската комисија – SYGMA/СИГМА.

8. Промоција на поддржани проекти во рамките на програмата „Креативна Европа – потпрограма Култура“ и на европските мрежи во рамките на потпрограмите „Култура“ и „МЕДИА“.

9. Реализирани индивидуални консултации со заинтересирани потенцијални апликанти.

10. Подготовка на дигитална брошура и гласник (Newsletter) за објавување до крајот на декември 2025 година.

Во рамките на објавениот Конкурс за учество во финансирање проектни активности на правни лица од Република Северна Македонија во европски проекти кои се поддржани од потпрограмата „Култура на Креативна Европа 2021 – 2027“ на Европската Унија за 2025 година, се поддржани вкупно 12 проекти, со вкупен износ од 5.003.809,00 денари.

2. Соработка со Советот на Европа

Соработката со Советот на Европа активно продолжи и во 2025 година. Претставници од Секторот за европски интеграции редовно учествуваат на состаноци на Управувачкиот комитет за култура, наследство и предел (CDCPP) на Советот на Европа, Управниот одбор на ЕПА на културните рути, годишни советодавни форуми и други настани поврзани со програмата „Културни рути“ на Советот на Европа, каде што се разгледуваа и можностите за конкретна соработка во сферата на културата со цел развој на културниот туризам и општиот економски развој на државата.

Во таа насока, Министерството за култура и туризам во рамките на Програмата за соработка со културните рути на Советот на Европа, на 16 април 2025 година во „Јавна соба", Скопје, организираше еднодневен настан на тема: „Форум за културните рути на Советот на Европа во функција на развојот на културниот туризам", на кој учествуваа претставници на културните рути на Советот на Европа: Културната рута „Итер Витис", Рутата на римските императори и Дунавската винска рута и Рутата на Св. Кирил и Методиј, како и на други многубројни институции од областа на културата, културното наследство и туризмот.

Исто така, во пресрет на прославата на 24 Мај, Денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј, Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на 20 мај во Европска куќа – Скопје организираше промоција на две публикации, и тоа: списанието „Европа: по рутата на Кирил и Методиј" – туристичка публикација и преводот на македонски јазик на романот „На убавата сина Џевнице" од чешкиот писател Антонин Бајаја во издание на „Перун артис" од Битола.

По промоцијата на двете публикации, на 21 мај, во „Порта Македонија", Институтот за македонска литература организираше состанок на Генералната асамблеја на асоцијацијата „Европската културна рута на Св. Кирил и Методиј" при Советот на Европа, на кој учествуваа претставници на асоцијацијата „Европската културна рута на Св. Кирил и Методиј" при Советот на Европа, од Чешка, Словачка, Бугарија и други еминентни гости.

На 6 и 7 мај 2025 година, претставник од Секторот за европски интеграции учествуваше на онлајн состанокот на Управниот одбор на ЕПА за културните рути на Советот на Европа што се одржа во Луксембург.

Од 18. до 20.11.2025 година, претставник од Секторот за европски интеграции учествуваше онлајн на пленарната сесија на Управувачкиот комитет за култура, наследство и предел (CDCPP) на Советот на Европа.

Во однос на Европскиот филмски фонд „Еуримаж", Министерството за култура и туризам во текот на јуни оваа година номинираше нов национален претставник на Македонија во Европскиот филмски фонд „Еуримаж", кој во согласност со Договорот за извршување на активностите на Националниот претставник, со бр. 37-7531/1 од 31.07.2025 година, потпишан помеѓу Министерството за култура и туризам, Агенцијата за филм и Националниот претставник,

се обврзува да ги информира сите учесници од договорот за релевантните случувања и политики од споменатата област.

Министерството за култура и туризам, преку Секторот за европски интеграции, редовно и навремено ги намирува годишните обврски за уплата на влезниот билет за Програмата за културните рути на Советот на Европа, во вкупен износ од 590.000,00 денари.

3. Финансирање на програми и проекти од национален интерес во културата од областа на европските интеграции на национални установи

Во рамките на Годишниот конкурс на Министерството за култура и туризам за финансирање програми и проекти од национален интерес во културата за 2025 година, одобрени се финансиски средства за поддржување на вкупно 13 проекти од областа на европските интеграции на 8 национални установи, во вкупен износ од 2.557.480,00 денари.

Во однос на програмите за прекугранична соработка на РС Македонија со соседните земји (Р Грција, Р Албанија, Р Косово и Р Србија), претставници од Секторот за европски интеграции, како членови и заменици-членови на комисијата за следење на овие програми, активно учествувале на состаноците одржани во текот на 2025 година.

Претставник од Секторот за европски интеграции, во својство на заменик-член, учествуваше на состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД-програмата 2021 – 2027, одржан на 21.5.2025 година во Скопје.

4. Соработка со Британскиот совет

Министерството за култура и туризам, преку Секторот за европски интеграции, на 24.10.2024 година потпиша Меморандум за разбирање со Британскиот совет, кој го реафирмира 30-годишното партнерство и пријателство, а со тоа и можноста за поголема достапност на програмите на Британскиот совет во нашата земја и засилени кампањи за нивна афирмација. Меморандумот претставува платформа за развој на културната и креативната економија и е важен чекор кон зацврстување на соработката преку размена на знаења и искуства, како и преку реализација на различни проекти кои ќе го зголемат влијанието на креативната економија и ќе ја збогатат културната понуда во земјава.

Предвидено е да се спроведуваат проекти и активности во следниве области: градење капацитети за професионалци, филм, музика, визуелни уметности, театар, игри, технологија, културно наследство, дизајн, архитектура, мода и издаваштво.

Во функција на понатамошна соработка во областа на креативните економии и индустрии, и врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка меѓу Министерството за култура и туризам и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се формира експертска група составена од домашни и од британски експерти, при што Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, беше назначен како соодветна единица, задолжена за спроведување на проектот „Мапирање на креативните индустрии во Република Северна Македонија“.

За реализацијата на предметниот проект, Министерството има одобрено буџет во вкупен износ од 1.000.000,00 (еден милион денари).

5. Усогласување и усвојување на правото на ЕУ

Во тековната 2025 година, Секторот за европски интеграции работеше на тековните задачи во рамките на европските програми, но и реализираше активности чија цел е забрзување на евроинтегративниот процес преку соработката помеѓу државите од Западен Балкан и ЕУ.

Усогласувањето и усвојувањето на правото на ЕУ продолжија и во 2025 година. На квартално ниво се реализирани активности во насока на планирање, подготовка, следење и известување за имплементацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европска Унија (НПАА) за Поглавје 26 и ажурирање на матрицата, за што до Министерството за образование беа доставувани квартални извештаи за реализирани активности (тековна состојба, краткорочни и среднорочни приоритети), кои се однесуваа на законодавството, програмата „Креативна Европа“, УНЕСКО, Меѓународната конвенција на УНЕСКО за заштита и унапредување на различноста на културните изрази и Охридскиот Регион и креативните индустрии.

Дополнително, на барање од Секретаријатот за европски прашања, Министерството за култура и туризам во септември 2025 година достави ажуриран придонес кон извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија, кој се однесуваше на следниве области од културата:

1. Имплементација на стратегијата на Министерството за култура;
2. Меѓународна конвенција на УНЕСКО за заштита и унапредување на различноста на културните изрази;
3. Креативна Европа (КУЛТУРА И МЕДИА).

Исто така, во јануари 2025 година до Секретаријатот за европски прашања беше доставен писмен материјал за подготовка на Министерството за култура и туризам за учество на Дваесеттиот поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика, што се одржа на 23.1.2025 година. Материјалот за Поткомитетот опфаќаше информации за:

1. Креативна Европа и МЕДИА;
2. Законодавството;
3. Заштита на културното наследство, старите чаршии.

## 7. *СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ*

Секторот за инвестициони работи како организациска единица во Министерството за култура и туризам, во согласност со подзаконските акти за внатрешна организација и за систематизација на работните места, е надлежен сектор во Министерството за следење на реализацијата на инвестиционите објекти од областа на културата и за следење на состојбата на објектите и опремата во културата со инвестициско и техничко одржување на објектите и на опремата во државна сопственост од областа на културата со нивно осигурување.

Како главни работни задачи на Секторот за инвестициони работи и одделенијата во состав, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството, предвидени се:

- извршување студиско-аналитички работи за инвестиционите објекти на Министерството и за инвестициите и осигурувањето на објектите во државна сопственост што ги користат установите од областа на културата;
- следење и реализација на инвестиционите објекти и следење на состојбата на објектите и опремата во државна сопственост што ги користат установите од областа на културата од аспект на потреба за тековно инвестирање и одржување;
- осигурување на објектите во државна сопственост што ги користат установите од областа на културата;
- изготвување анализи, осврти и програми за утврдување на буџетската политика за инвестиции и друго.

Секторот за инвестициони работи е составен од две одделенија, и тоа: Одделение за инвестиции и осигурување и Одделение за следење и реализација на инвестициони објекти.

## II. ИЗВРШЕНИ РАБОТИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2025 ГОДИНА

Врз основа на член 70 став (5) од Законот за културата („Сл. Весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, 11/18 и 265/24),

министерот, на предлог од комисиите, одлучува за проектите што се поддржани во годишните програми на националните установи.

Во делот на инвестициско одржување и набавка на опрема за националните установи за 2025 година, Министерството поддржа вкупно 32 проекти кои беа содржани во годишните програми за работа на националните установи од областа на културата за 2025 година. Од поддржаните проекти, 26 проекти беа реализирани, и тоа:

| Ред. бр. | Назив на националната установа | Наслов на проектот | Исплатени средства |
|---|---|---|---|
| 1 | НУ Филхармонија на РС Македонија – Скопје | Делегиран буџет | 1.969.000,00 |
| 2 | НУ Албански театар – Скопје | Делегиран буџет | 880.000,00 |
| 3 | НУ Национална опера и балет – Скопје | Делегиран буџет | 1.400.000,00 |
| 4 | НУ Македонски народен театар – Скопје | Делегиран буџет | 1.139.000,00 |
| 5 | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Прилеп | Делегиран буџет | 117.056,00 |
| 6 | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид | Делегиран буџет | 215.000,00 |
| 7 | НУ Театар Комедија – Скопје | Делегиран буџет | 5.230.078,00 |
| 8 | НУ Национален конзерваторски центар – Скопје | Надградба на системот за чување дигитална документација | 162.910,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | НУ Национален конзерваторски центар – Скопје | Санациски работи на хоризонтални и вертикални олуци и на внатрешни простории на објектот на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје | 357.515,00 |
| 10 | НУ Национален конзерваторски центар – Скопје | Тековно одржување на опремата во хемиската лабораторија – микроскопи | 153.573,00 |
| 11 | НУ Центар за култура – Битола | Замена на филмското платно во големата сала | 200.000,00 |
| 12 | НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола | Дигитална читалница „Горан Стефановски“ | 182.280,00 |
| 13 | НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола | Метални конзолни рафтови за потребите на магацинот за архивски примерок | 132.022,00 |
| 14 | НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола | Набавка на нова опрема за библиотечно работење | 65.804,00 |
| 15 | НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола | Безбедна библиотека – процена на ризик и обука за вработените | 70.000,00 |
| 16 | НУМ Струшки вечери на поезијата – Струга | Алармен систем со видеонадзор за обезбедување и за известување за пожар, провала и поплава | 200.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17 | НУ Спомен-куќа на Тодор Проески – Крушево | Набавка на монитори и конектори | 60.000,00 |
| 18 | НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп | Набавка на камери и нивно инсталирање во објектот на НУЦК „Марко Цепенков“ – Прилеп и во објектот на Театарот „Војдан Чернодрински“ | 101.445,00 |
| 19 | НУ Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид | Набавка на нови лед-панели за осветлување | 69.540,00 |
| 20 | НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип | Дигитализација на фондовите | 257.168,00 |
| 21 | НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип | Плочки во одделенијата и поставување под со гранитни плочки | 920.863,00 |
| 22 | НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје | Поправка на клима-коморите | 800.000,00 |
| 23 | НУ Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид | Изработка на основен проект за реконструкција на покривот | 56.000,00 |
| 24 | НУ Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид | Санација на ѕид во библиотеката | 60.000,00 |
| 25 | НУ Спомен- | Инсталација на систем за детектирање пожар, | 204.514,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | куќа на Мајка Тереза – Скопје | изработка на елаборати за заштита од пожар, испитување и мерење на заземјување | |
| 26 | НУ Центар за култура „Григор Прличев“ – Охрид | Набавка и инсталирање на систем за детектирање и известување за пожар, систем за заштита од атмосферски празнења (громобранска инсталација) и санирање на дефект на доводна и хидрантска мрежа | 869.179,00 |
| | | Вкупно: | **15.872.947,00** |

Проекти што беа поддржани, а не беа реализирани се следниве:

| **Ред бр.** | **Назив на националната установа** | **Наслов на проектот** | **Одобрени средства за проектот во денари** |
|---|---|---|---|
| 1 | НУ Национална галерија на РС Македонија – Скопје | Делегиран буџет | 400.000,00 |
| 2 | НУ Спомен-куќа на Мајка Тереза – Скопје | Изведба на громобранска инсталација | 407.454,00 |
| 3 | НУ Центар за култура „Браќа Миладиновци“ – Струга | Санација на скалите на главниот влез на НУ Центар за култура „Браќа Миладиновци“ – Струга | 200.000,00 |
| 4 | НУ Музеј на современата уметност – Скопје | Побарување за надградба и опремување на конзерваторската лабораторија | 138.370,00 |
| 5 | НУ Историски музеј – Крушево | Набавка на опрема за музејски и за научноистражувачки потреби | 122.998,00 |
| 6 | НУ Музеј „Д-р Никола Незлобински“ – Струга | Замена на надворешна столарија – прозорци на управната зграда на НУ Музеј „Д-р Никола Незлобински“ – Струга | 700.000,00 |
| **Вкупно:** | | | 1.968.822,00 |

Министерството склучи договори за финансирање проекти содржани во годишната програма за работа на националните установи од областа на културата за 2025 година во делот на

инвестициско одржување, адаптација и набавка на опрема за установите во вредност од 18.229.496,00 денари (вкупно 32 проекти по предлог на Комисија, за кои Министерството склучи договор). Од вкупно одобрените проекти во делот на инвестициско одржување и набавка на опрема за националните установи за 2025 година, реализирани се 26 проекти. Според тоа, реализацијата по број на проекти изнесува 81 %.

Финансиската реализација на проектите за 2025 година, заклучно со 15.12.2025 година, е во износ од 15.872.947,00 денари од вкупно договорените 18.229.496,00 денари, односно 87 %.

Пренесени финансиски обврски од 2024 година:

Проектот на НУ Македонски народен театар – Скопје за „Редовен сервис и тековно одржување на системите за осветление", одобрен и реализиран во 2024 година и кој не се изврши во 2024 година, е исплатен во 2025 година во износ од 211.000,00 денари.

**2. Осигурување на објекти за култура во државна сопственост**

Во текот на 2025 година Министерството за култура и туризам изврши осигурување на објектите и на опремата во државна сопственост од областа на културата, за што беше доделен Договор со АД за осигурување и реосигурување Македонија Скопје – Виена Иншуренс Груп бр. 47-9684/10 од 15.12.2025 година во износ од 5.949.277,00 денари при што вкупната сума на осигурување е 15.420.625.903,00 денари.

**3. Опис на другите работи во Одделението**

Во Одделението за инвестиции и осигурување, покрај инвестициско-техничките вложувања во културата, се врши и логистичка помош за регулирање на обврските за централното греење за националните установи од областа на културата кои користат услуги за централно греење на територија на Град Скопје.

Во рамките на работата на Одделението за инвестиции и осигурување континуирано во текот на годината се следеше реализацијата на инвестициските проекти, што подразбира организација, координирање, кореспонденција меѓу сите субјекти вклучени во процесите. Одржувани се работни состаноци, посети и увиди во состојбата на објектите и сл.

## III. ИЗВРШЕНИ РАБОТИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА СЛЕДЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ОБЈЕКТИ ВО 2025 ГОДИНА

### 1. Следење и реализација на Годишната програма за инвестиции во културата за 2025 година

Министерството за култура и туризам донесе Програма за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи од областа на културата за 2025 година бр. 50-827/3 од 24.02.2025 година (во понатамошниот текст: Годишна програма за инвестиции во културата). Одлуката за давање согласност бр. 50-1540/7 од 03.03.2025 година е објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 72/25.

Владата донесе Одлука бр. 50-11642/13 од 30.12.2025 година за давање согласност за донесување Програма за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи од областа на културата за 2025 година, бр. 50-827/6 од 29.12.2025 година. Одлуката е објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 268/25.

Со Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи од областа на културата за 2025 година бр. 50-827/6 од 29.12.2025 година се изврши промена во точка 2.

Според оваа програма, беа планирани да се реализираат следните активности:

| Ред. бр. | Опис на активноста | Носител на активноста | Износ на финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на објектот „Универзална сала“ во Скопје | Министерство за култура и туризам | 18.775.000,00 денари |
| 2. | Изградба на објект наменет за НУ Турски Театар во Скопје (фаза: термотехнички, електротехнички и хидротехнички инсталации и дел градежни и градежно-занаетчиски работи) | Национална установа Турски театар – Скопје | 115.000.000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ Центар за култура „Иљо Антески-Смок“ – Тетово | 11.801.566,00 денари |
| 4. | Санација на блок 3 и блок 5 од покривот на стариот дел од објектот на НУ Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје | НУ Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје | 24.000.000,00 денари |
| 5. | Санација на проодни тераси на објектот НУ Македонски народен театар – Скопје | НУ Македонски народен театар – Скопје | 1.955.000,00 денари |
| 6. | Изведба на работи за реконструкција на објектот на поранешното кино „Партизан“ во Битола при НУ Народен театар – Битола | Министерство за култура и туризам | 10.000.000,00 денари |
| 7. | Реновирање и уредување на просторот и санација на инсталациите на подрумските простории во зградата на НУ Национална опера и балет во Скопје | Министерство за култура и туризам | 4.300.000,00 денари |
| 8. | Санација на покривната купола, хоризонталните олуци и партерот на објектот на НУ Театар „Јордан Хаџи Константинов- Џинот“ – Велес | НУ Театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ – Велес | 332.000,00 денари |
| **Вкупно** | | | 186.163.566,00 денари |

Планираните финансиски средства за реализација на оваа програма во износ од 186.163.566,00 денари беа обезбедени од Буџетот на Министерството за култура и туризам раздел 18010 – Финансирање на дејности од областа на културата, потпрограми 40, 49 и 85 од ставките 482 – други градежни работи и од програма 41 – Драмска дејност, ставка 482 – други градежни работи од посебната сметка на Министерството за култура и туризам, наменети за активности под реден број 2.

Поединечната реализација на проектите од Годишната програма за инвестиции во културата за 2025 година, по активности, е прикажана во следната табела:

| **Ред. бр.** | **Опис на активноста** | **Носител на активноста** | **Износ на финансиски средства** |
|---|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на објектот „Универзална сала“ во Скопје | Министерство за култура и туризам | 18.775.000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.** | Изградба на објект наменет за НУ Турски театар во Скопје (фаза: термотехнички, електротехнички и хидротехнички инсталации и дел градежни и градежно-занаетчиски работи) | Национална установа Турски театар – Скопје | 110.092.599,00 денари |
| **3.** | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ Центар за култура „Ињо Антески-Смок“ – Тетово | 11.801.566,00 денари |
| **4.** | Санација на блок 3 и блок 5 од покривот на стариот дел од објектот на НУ Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје | НУ Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје | 24.000.000,00 денари |
| **5.** | Санација на проодни тераси на објектот НУ Македонски народен театар – Скопје | НУ Македонски народен театар – Скопје | 1.954.699,00 денари |
| **6.** | Изведба на работи за реконструкција на објектот на поранешното кино „Партизан“ во Битола при НУ „Народен театар“ – Битола | Министерство за култура и туризам | 9.983.584,00 денари |
| **7.** | Реновирање и уредување на просторот и санација на инсталациите на подрумските простории во зградата на НУ Национална опера и балет во Скопје | Министерство за култура и туризам | 3.810.667,00 денари |
| **8.** | Санација на покривната купола, хоризонталните олуци и партерот на објектот на НУ Театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ – Велес | НУ Театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ – Велес | 331.078,00 денари |
| Вкупно | | | 179.304.979,00 денари |

Од првично предвидените финансиски средства за реализација на оваа програма во износ од 186.163.566,00 денари, реализирани се вкупно 179.304.979,00 денари, односно 96,32 %.

**Реализација на капитални дотации во областа на културата на единиците на локалната самоуправа за 2025 година**

Во согласност со Програмата за користење средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата за 2024 година, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија со Одлука бр. 41-9855/12 од 22.11.2024 година и Програмата за користење средства за капитални дотации до единиците на

локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата за 2025 година, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија со Одлука бр. 50-6255/7 од 01.06.2025 година, Министерството за култура и туризам со единиците на локална самоуправа има склучено договори за реализација на проекти со средства во износ од 822.140.093,00 денари, што треба да се реализираат во текот на 2025, 2026 и 2027 година, и тоа за следниве проекти:

| Ред. број | Корисник | Наслов на проект | Вредност на договор |
|---|---|---|---|
| 1 | Општина Гази Баба | Реконструкција и санација на објектот на Домот на културата „11 Октомври“ | 87.51.4.771,00 |
| 2 | Општина Радовиш | Реконструкција со пренамена на стоковна куќа во мултифункционален центар со музејска поставка на Радовиш | 65.274.132,00 |
| 3 | Општина Пехчево | Реконструкција и пренамена на постоен објект на КП бр. 985/2 во Центар за посетители – туристички информативен центар | 5.996.591,00 |
| 4 | Општина Гевгелија | Партерно уредување со комплетна замена на подземна инсталација на ул. „Бране Петрушев“ и ул. „7 Ноември“ (Стара чаршија) во Гевгелија и конзервација, реставрација и реконструкција на дуќаните во Старата чаршија во Гевгелија | 40.675.096,00 |
| 5 | Општина Аеродром | Реконструкција на мултифункционален центар во Општина Аеродром (I фаза) | 98.977.954,00 |
| 6 | Општина Чаир | Конзервација и реставрација на калдрмата во Старата скопска чаршија | 28.841.813,00 |
| 7 | Општина Чучер-Сандево | Основен проект за изградба на зграда за општинска јавна установа – културен дом (I фаза дел 2) | 31.560.761,00 |
| 8 | Општина Петровец | Изградба на дом на култура во населено место Петровец | 28.668.664,00 |
| 9 | Општина Битола | Живеалиште за копитари во Зоолошката градина Битола и изградба на тераријум во Зоолошката градина Битола | 18.629.003,00 |
| 10 | Општина Штип | Конзервација и реставраторски работи и делумна реконструкција на акрополот на тврдината ИСАР во Штип | 94.717.972,00 |
| 11 | Општина Берово | Мултифункционална сала во состав на Домот на културата „Димитар Беровски“ – Берово | 90.414.225,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 | Општина Радовиш | Реконструкција на културен дом „Ацо Караманов“ град Радовиш и реконструкција со пренамена на стоковна куќа во мултифункционален и културен центар со музејска поставка на градот Радовиш (втора фаза) | 200.272.905,00 |
| 13 | Општина Ново Село | Конзервација и реставрација на фрескоживописот во црквата „Св. Константин и Елена“ во Мокрино | 2.170.000,00 |
| 14 | Општина Чашка | Изградба на дом на култура Чашка | 13.076.206,00 |
| 15 | Општина Желино | Ентериерно уредување на младинскиот центар | 15.350.000,00 |
| Вкупно: | | | 822.140.093,00 |

Средствата за реализација на овие договори ќе се предвидуваат со буџетот на Министерството за култура и туризам за 2025, 2026 и 2027 година од Потпрограма АА – Одржување на објектите од областа на културата ставка 488 – капитални дотации до ЕЛС.

**Реализацијата на овие договори за користење средства за капитални дотации во областа на културата за 2025 година беше следна:**

| **Ред. број** | **Корисник** | **Наслов на проектот** | **Вредност на договор** |
|---|---|---|---|
| 1 | Општина Гази Баба | Реконструкција и санација на објектот на Домот на културата „11 Октомври“ | 70.651.006,00 |
| 2 | Општина Радовиш | Реконструкција со пренамена на стоковна куќа во мултифункционален центар со музејска поставка на Радовиш | 38.733.434,00 |
| 3 | Општина Пехчево | Реконструкција и пренамена на постоен објект на КП бр. 985/2 во Центар за посетители – туристички информативен центар | 4.593.698,00 |
| 4 | Општина Гевгелија | Партерно уредување со комплетна замена на подземна инсталација на ул. „Бране Петрушев“ и ул. „7 Ноември“ (Стара чаршија) во Гевгелија и конзервација, реставрација и реконструкција на дуќаните во Старата чаршија во Гевгелија | 27.077.729,00 |
| 5 | Општина Чучер-Сандево | Основен проект за изградба на зграда за општинска јавна установа – културен дом (I фаза дел 2) | 1.737.466,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | Општина Петровец | Изградба на дом на културата во населено место Петровец | 5.932.940,00 |
| 7 | Општина Радовиш | Реконструкција на културен дом „Ацо Караманов“ град Радовиш и реконструкција со пренамена на стоковна куќа во мултифункционален и културен центар со музејска поставка на градот Радовиш (втора фаза) | 7.218.680,00 |
| Вкупно: | | | 155.944.953,00 |

Според наведеното во табелите погоре, од доделените договори во вкупен износ од 822.140.093,00 денари, во 2025 година беа реализирани проекти со средства во вкупен износ од 155.944.953,00 денари, односно реализацијата на оваа програма е 18,97 %.

**2. Опис на другите работи на Секторот**

Други работи на Секторот за инвестициони работи во 2025 година:

- Изготвување информации, известувања, укажувања за состојбата со реализацијата на капиталните проекти во областа на културата;
- Учество на вработените лица во секторот во постапки пред надлежни органи во спорови на Министерството за култура во врска со реализација на договори за изведување работи на капитални инвестициони објекти;
- Учество на вработените лица во Секторот во работа на работни тела, комисии, меѓуресорски состаноци и сл.;
- Други работи поврзани со реализацијата на капиталните инвестициони објекти во областа на културата.

## *8. СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО-УПРАВНИ РАБОТИ И ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА*

**I. Од страна на Собранието на Република Северна Македонија во 2025 година се донесени:**

1. Законот за изменување на Законот за државните награди;

2. Закон за изменување на Законот за библиотеките;

3. Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство;

4. Закон за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик;

5. Законот за изменување и дополнување на Законот за културата;

6. Закон за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелни добра.

**Закон за изменување на Законот за државните награди**

Со Законот за изменување на Законот за државните награди се изврши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), односно Министерството за култура продолжува да работи како Министерство за култура и туризам со надлежности утврдени со овој закон, како и усогласување со Амандманот XXXIII на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI.

**Закон за изменување на Законот за библиотеките**

Со Законот за изменување на Законот за библиотеките се изврши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), односно Министерството за култура продолжува да работи како Министерство за култура и туризам со надлежности утврдени со овој закон, како и усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство**

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство се овозможи поголема достапност на функцијата директор на Управата за заштита на културното наследство, при што како доказ за познавање странски јазик, покрај меѓународните сертификати за познавање на англискиот јазик, се овозможи да се приложи сертификат, уверение или потврда за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) со најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државава или во странство, регистрирана како давател на оваа услуга.

**Закон за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик**

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик се овозможи поголема достапност на функцијата директор на Инспекторатот, при што како доказ за познавање странски јазик, покрај меѓународните сертификати за познавање на англискиот јазик, се овозможи да се приложи сертификат, уверение или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) со најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државава или во странство, регистрирана како давател на оваа услуга. Воедно, со овој закон се овозможи усогласеност на Законот за употребата на македонскиот јазик со Законот за инспекциски надзор, во делот на одредбите што се однесуваат на правниот статус на Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик, односно се прецизираа надлежностите на директорот, а Инспекторатот продолжи да работи како орган во состав на Министерството за култура и туризам.

**Закон за изменување и дополнување на Законот за културата**

Со Законот за дополнување на Законот за културата се прецизира дека покрај поседувањето на еден од меѓународно признаените сертификати за познавање на англискиот јазик што се утврдени во Законот, кандидатите за директор на национална установа од областа на културата можат да го докажат исполнувањето на условот за познавање странски

јазик и со поседување, односно со приложување доказ за познавање на еден од еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија – англиски, француски или германски јазик.

**<u>Закон за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра</u>**

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра се изврши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), според кој Министерството за култура продолжува да работи како Министерство за култура и туризам, со надлежности утврдени со закон.

**<u>II. Министерот за култура и туризам ги донесе следниве општи акти:</u>**

1. Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување месечни надоместоци од средства од Буџетот на Република Северна Македонија за придонесите за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за данокот на личен доход на самостојните уметници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/25).

**<u>III. Предлози на закони објавени на ЕНЕР</u>**

**1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права**

Со предложените измени и дополнувања на Законот за авторското право и сродните права се врши усогласување со Директивата 2014/26/ЕС за колективно управување со авторското право и сродните права и мултитериторијално лиценцирање на музички дела за користење преку интернет, се утврдуваат дефиниции за колективното управување, а особено за организациите за колективно управување на правата – како субјекти основани или под контрола на носителите на правата и со непрофитна цел. Со Законот се пропишуваат и се дефинира значењето на сите поими кои се релевантни за остварувањето на правата. Со предложениот закон се врши усогласување и со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), според кој Министерството за култура

продолжува да работи како Министерство за култура и туризам, со надлежности утврдени со овој закон.

**2. Предлог на Закон за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион**

Со овој предлог на закон ќе се создадат формално-правни предуслови да се спречат активности кои негативно влијаат врз исклучителната универзална вредност на доброто, преку интегрирано управување со природното и културното наследство. Целта на Предлогот на закон е: создавање услови за заштита, унапредување и популаризација на состојбата на природното и културното наследство во Охридскиот Регион; пренесување на исклучителната вредност на природното и културното наследство во Охридскиот Регион на идните генерации, како и создавање услови за одржлив развој на Република Северна Македонија и општините Охрид, Струга и Дебрца, преку соодветно користење на природното и културното наследство на Охридскиот Регион.

**3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење**

Во овој предлог на закон соодветно ќе бидат имплементирани препораките од извештаите од реактивните мониторинг-мисии на УНЕСКО. Имено, во извештаите на реактивните мониторинг-мисии (РММ) на УНЕСКО/ИКОМОС/ИУЦН од 2017 (во Р Северна Македонија) и од 2020 и 2024 година (заедничка мисија во Р Северна Македонија и Р Албанија), евидентирани се повеќе закани кои негативно влијаат врз исклучителната универзална вредност на Старото градско јадро на Охрид.

<u>**IV. Во подготовка се следниве закони и правилници:**</u>

**1. Предлог на закон за културата** со кој ќе се создадат нормативни претпоставки за потемелни реформи во културата и ќе се пополнат правните празнини што постоеја во нормирањето на културата. Предложените решенија ќе придонесат за создавање модерна правна рамка која нуди современи решенија за регулирање на културата насочени кон создавање поволен амбиент за остварување на културата, како и нејзино стимулирање, помагање, унапредување и развивање. Со овој предлог на закон ќе се утврдат следниве цели:

- развој на културата во сите сегменти на уметничкото и културното живеење;

- слобода на уметничкото творештвото;

- еднаква достапност на културните вредности за граѓаните;

- законитост, одговорност, јавност и отчетност во работењето на установите во културата и во користењето на буџетските средства;

- создавање услови културата да претставува ресурс за развој на целата општествена заедница.

**2. Предлог на закон за заштита на културното наследство.** Законот за заштита на културното наследство од неговото донесување во 2004 година до денес неколкупати е менуван и дополнуван заради негово усогласување со другите закони од областите кои имаат допирни надлежности со заштитата на културното наследство. Во функција на подготовка на новиот закон, во Министерството за култура и туризам се изработува анализа за потребата од донесување нов закон, а истовремено се анализираат и компаративните искуства во врска со регулирањето на односите во заштитата на културното наследство на повеќе европски држави.

**3. Правилник за поблиските критериуми и мерила за оцена на критериумите за финансирање филмски проекти од национален интерес во филмската дејност.**

<u>V. Во рамките на Секторот се подготвуваат и следниве поединечни акти на барање од правни и физички лица:</u>

1. **Национални пензии и национални уметници**

Изработка на акти за исплата на надоместоците на пензионерите, кои се добитници на една од државните награди за култура, во согласност со Законот за културата, а тоа право го остваруваат 70 уметници и стручни работници за заштита на културното наследство, како и за 5 уметници кои имаат право на надомест како национални уметници, во согласност со Законот за националниот уметник.

**<u>Вкупниот износ на исплатени средства во 2025 година за националните уметници и за националните пензионери за 2025 година изнесува 27.877.670,00 денари.</u>**

**2. Мислења за ослободување од данок на додадена вредност без право на одбивка на претходниот данок**

Во 2025 година се издадени вкупно 39 мислења за ослободување од ДДВ (од кои 1 негативно).

**3. Согласности – гаранции за обезбедени средства за добивање АТА-карнет за привремен извоз и увоз**

Во 2025 година се издадени вкупно 27 согласности – гаранции за добивање АТА-карнет.

**4. Согласности за регулирање престој на странец**

Во 2025 година се издадени вкупно 43 мислења за регулирање престој на странец (од кои 3 негативни).

**5. Потврди за ослободување од царински давачки**

Во 2025 година е издадена 1 (една) потврда во согласност со член 196 точка 2 од Царинскиот закон.

## *9. СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР*

Во рамките на надлежностите утврдени со Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 267/24 и 132/25) и со стариот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19, 272/24 и 22/25), инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам (забелешка: вкупно 5 инспектори со овластувања за целата територија на Република Северна Македонија) во текот на 2025 година извршија вкупно **100 инспекциски надзори** (54 во првото полугодие и 46 во второто полугодие од 2025 г.), од кои: 22 редовни, 44 вонредни и 34 контролни инспекциски надзори, од аспект на примена на вкупно пет закони од областа на културата, и тоа:

- **69 инспекциски надзори** (од кои: 7 редовни, 36 вонредни и 26 контролни инспекциски надзори, извршени во согласност со одредбите од **Законот за културата,** од аспект на работењето и наменското користење на средствата од Буџетот на РСМ, обезбедени преку Министерството за култура и туризам, за програми/проекти од национален интерес во културата, кај национални и општинско-градски установи од областа на културата, единици на локалната самоуправа, здруженија на граѓани и кај други правни лица, регистрирани за вршење соодветна дејност од областа на културата, како и кај физички лица корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку МКТ, а чие работење подлежи на надзор во согласност со истиот Закон;
- **16 инспекциски надзори,** од кои: 10 редовни, 4 вонредни и 2 контролни инспекциски надзори, извршени во согласност со **Законот за издавачката дејност и подзаконските прописи**;
- **10 инспекциски надзори,** од кои: 5 редовни, 2 вонредни и 3 контролни инспекциски надзори, извршени кај национални установи од областа на културата и други правни лица во согласност со **Законот за музеите и подзаконските прописи;**
- **3 три инспекциски надзори,** од кои: 1 вонреден и 2 контролни инспекциски надзори, извршени во согласност со **Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата;**

- **2 инспекциски надзори**, од кои еден вонреден и еден контролен, извршени во согласност со **Законот за библиотеките и подзаконските прописи.**

Во извештајниот период се извршени вкупно 49 инспекциски надзори, и тоа: редовни, во согласност со Годишниот план за работа за 2025 г.; вонредни, по службена должност – иницијативи/писмени наредби од министерот за култура и туризам/налози од Инспекцискиот совет на РСМ, Скопје, и контролни надзори, кај следните национални установи од областа на културата – единки корисници на средства од Буџетот на Република Северна Македонија преку Министерството за култура и туризам:

- НУ Спомен-куќа на Тодор Проески – Крушево,
- НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Прилеп,
- НУ Историски музеј – Крушево,
- НУ Музеј на современата уметност – Скопје,
- НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ – Штип,
- НУ Драмски театар – Скопје,
- НУ Центар за култура – Тетово,
- НУ НУБ „Свети Климент Охридски“ – Скопје,
- НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица,
- НУ Центар за култура „АСНОМ“ – Гостивар,
- НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола,
- НУ Центар за култура „Бели мугри“ – Кочани,
- НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола,
- НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип,
- НУ Центар за култура „Ацо Ѓорчев“ – Неготино,
- НУ Музеј на албанската азбука – Битола,
- НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип,
- НУ Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје,
- НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во РСМ – Скопје,
- НУ Вардар филм – Скопје,
- НУ Археолошки музеј – Скопје,
- НУ Камерен оркестар – Битола,

- НУ Театар Комедија – Скопје,
- НУ Музеј – Куманово,
- НУ Центар за култура „Иљо Антески-Смок“ – Тетово,
- НУ Албански театар – Скопје,
- НУ Центар за култура „Браќа Миладиновци“ – Струга,
- НУ Музеј Гевгелија,
- НУ Гостиварски театар – Гостивар,
- НУ Музеј на РСМ – Скопје,
- НУ Музеј – Куманово,
- НУ Музеј „Д-р Никола Незлобински“ – Струга.

Од аспект на примена на прописите од областа на културата, во извештајниот период од страна на инспекторите за култура се издадени вкупно **24 решенија** со опомена/наредба за отстранување на утврдените недостатоци/неправилности во определен рок врз основа на Законот за културата и Законот за инспекциски надзор, од кои: 15 по Законот за културата, 4 по Законот за музеите (забелешка: од кои едното решение ќе биде издадено во текот на јануари 2026 г.), 3 по Законот за издавачката дејност, 1 по Законот за библиотеките, 1 по Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата, како и вкупно **19 прекршочни платни налози** (за правните лица – национални установи, трговски друштва, здруженија на граѓани и физички лица, како и за одговорните лица во правните лица/директори, управители...). Поднесени се 3 барања за поведување прекршочни постапки, за сторени прекршоци по Законот за културата, до надлежните основни кривични судови и две кривични пријави до Основното јавно обвинителство, Скопје и Битола. Во согласност со извршените вонредни инспекциски надзори во текот на 2025 г., во Буџетот на РСМ се вратени средства во вкупен износ од 94.000,00 денари од страна на субјекти кај кои беше извршен инспекциски надзор, а во согласност со издадените прекршочни платни налози на инспекторите за култура, во Буџетот на РСМ се прибрани средства врз основа на платена глоба во вкупен износ од 254.287,00 денари.

Во текот на 2025 година, инспекторите за култура, во согласност со Годишната програма за специјализирана обука на инспекторите за култура бр. 57-8163/1 од 10.9.2024 г. и Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за

култура бр. 57-8163/2 од 12.9.2024 г., успешно поминаа онлајн обуки со користење на платформата за електронско учење од Годишната програма на Инспекцискиот совет за генерички обуки за 2025 г., и тоа на следниве теми: Канцелариско работење, архивско работење – Уредба за канцелариско и архивско работење (тема 1.5); Постапување по претставки и предлози (тема 1.4); Пријавување на кривично дело против субјект на инспекциски надзор и пријавување на корупција при спроведување на инспекциска постапка (тема 1.16), и се стекнаа со соодветни сертификати.

Во извештајниот период беа вршени инспекциски надзори кај субјекти од целата територија на РСМ, и тоа во: Скопје (Центар, Аеродром, Чаир, Карпош, Бутел, Сарај и Шуто Оризари), Битола, Гевгелија, Гостивар, Тетово, Прилеп, Неготино, Дебар, Штип, Крушево, Куманово, Кочани, Кавадарци, Врапчиште, Охрид, Струга, Струмица, Кичево, с. Ваксинци, с. Долнени и Виница, при што најголем број инспекциски надзори се извршени во Скопје, Битола и Тетово.

Во смисла на зголемување на транспарентноста во работењето и во согласност со обврската од Законот за инспекциски надзор, и во текот на 2025 г. (со одреден застој, од оправдани причини) на официјалната веб-страница на Министерството за култура и туризам се објавуваа инспекциски акти (записници и решенија) во „неперсонална форма“, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Во извештајниот период, за потребите на Одделението за логистичка поддршка на Министерството за култура и туризам, давани се одговори на новинарски прашања, како и за судските постапки, извршените инспекциски надзори и преземените управно-надзорни мерки, за примена на материјалните закони и други стручни прашања. Воедно, освен преписка со Инспекцискиот совет, вршена е преписка и со основните јавни обвинителства, Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Државната комисија за спречување на корупцијата и други органи на државната управа, како и со другите организациски единици во МКТ (за барање податоци, мислења и појаснувања упатени до инспекциската служба), мислења во однос на законски и подзаконски прописи од областа на културата, изработка на прашања од областа на културата, произнесувања во врска со претставки и друго.

И во извештајниот период, раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор – главен инспектор за култура извршуваше работни задачи како одговорно службено лице во Министерството за култура и туризам за водење предмети и вршење работи за комуникација по предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ, за целата територија на Републиката (спорови по различни основи – должничко-доверителски, работни односи, стечајни постапки и други, во коишто МКТ е тужител или тужена страна), при што се преземени и судските спорови, во коишто тужен орган е Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РСМ – Скопје, чијшто правен следбеник е Министерството за култура и туризам во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност (објавен во „Службен весник на РСМ" бр. 156/25), додека еден од вишите инспектори за култура е овластено лице за заштитено внатрешно пријавување во Министерството за култура и туризам во согласност со Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на РСМ" бр. 196/15).

## *9. СЕКТОР ЗА СЛЕДЕЊЕ, РАЗВОЈ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА*

Во согласност со утврдената организациска структура и оперативни приоритети, Секторот за следење, развој и логистичка поддршка се состои од две одделенија: Одделение за логистичка поддршка и Одделение за државни награди.

### ➢ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА

Одделението за логистичка поддршка претставува клучна оперативна и комуникациска точка на Министерството за култура и туризам. Во рамките на своите секојдневни функции, тимот успешно ги остварува следниве активности:

- Подготовка на агенди, збирни информации, брифинзи и изјави за официјалните посети на министерот за култура и туризам во општините низ државава и во националните културни установи, а со тоа директно се овозможува квалитетно и координирано спроведување на министерската агенда;
- Изработка на вести од областа на културата и туризмот, кои се објавуваат на официјалната веб-страница на Министерството;
- Подготовка на најавни и одјавни соопштенија поврзани со работните ангажмани на министерот за култура и туризам;
- Изработка на обраќања, говори и изјави за министерот за култура и туризам, како и за државниот секретар;
- Систематско прибирање информации од надлежните сектори и подготовка на одговори на новинарски прашања;
- Составување податоци и одговори за интервјуа и медиумски настапи;
- Проследување на јавните конкурси на Министерството до печатените и до електронските медиуми, со целосно почитување на административните и законските процедури;

- Уредување и ажурирање содржини поврзани со работните активности на заменик-министерот за култура, наменети за објавување на веб-страницата;
- Координација и администрација на социјални медиуми;
- Редовно ажурирање на официјалниот список на вработени во Министерството;
- Изработка и електронско доставување на телеграми и други официјални честитки/соопштенија.

Одделението секојдневно ја администрира и ја управува централната службена е-пошта на Министерството (info@kultura.gov.mk), обезбедувајќи навремено одговор на барањата од граѓани и институции, како и препраќање на предметите до надлежните сектори.

Вработените задолжени за веб-страницата на Министерството секојдневно објавуваат вести, а вршат и фотодокументирање на клучните настани и активности на кои присуствува министерот за култура и туризам, со цел создавање богата визуелна и текстуална архива за промоција и отчетност.

Овој сегмент од работата на Одделението директно придонесува за ефикасно позиционирање на Министерството во јавниот простор, обезбедувајќи високо ниво на транспарентност, брза реакција на медиумите и поддршка на стратегиските приоритети на министерот.

## ➢ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДРЖАВНИ НАГРАДИ

Одделението за државни награди, во согласност со Законот за државните награди и законите за изменување и дополнување на законот за државните награди („Службен весник на РМ“, бр. 52/06, 54/07, 74/12, 99/18 и „Службен весник на РСМ“, бр. 98/19), се грижеше за: успешна, навремена, квалитетна и точна реализација на државните награди кои се во надлежност на Министерството за култура и туризам, а тоа се:

- „Мајка Тереза“
- „11 Октомври“
- „23 Октомври“

- „22 Ноември“
- „Св. Климент Охридски“
- „Мито Хаџи Василев-Јасмин“
- „Мето Јовановски“.

Во текот на 2025 година беа одржани вкупно 31 состанок, и тоа: 7-те одбори одржаа 20 состаноци, а стручните комисии и стручните тела одржаа 11 состаноци; беа пристигнати вкупно 109 иницијативи, а доделени се вкупно 16 награди. За одборите, комисиите и стручните тела, Одделението изготви материјали за работа, извештаи, одлуки, решенија, прегледи, анализи, преписки и дописи со секторот за правни работи и ги менаџираше сите активности во врска со реализирањето и доделувањето на наградите во Собранието на РСМ.

Во согласност со динамиката на работата на Одделението за државни награди, беа изготвени потребните документи и материјали за секоја награда одделно, и тоа: записници; мислења; анализи; одлуки; решенија; писма; прегледи; покани; регистри на добитниците; текстови за изработка на дипломи и плакети; сценарија; консултации со секторите за: правни работи, финансиско работење и јавни набавки; списоци со трансакциски сметки за добитниците на наградите; планови и решенија за исплата на добитниците на наградите; планови и решенија за исплата на членовите на одборите, на стручните комисии и на стручните тела; контакти со добитниците на наградите и со членовите на одборите, на стручните комисии и на стручните тела; прегледи на финансиските потреби за државните награди.

За 2026 година приоритет на Одделението за државните награди ќе биде успешно менаџирање на сите предвидени активности за навремено и квалитетно реализирање на државните награди.

### 1. ДРЖАВНА НАГРАДА „МАЈКА ТЕРЕЗА“

Одборот одржа 3 седници, распиша Конкурс за доделување на државната награда „Мајка Тереза“ во 2025 година и беа разгледани вкупно 9 иницијативи. Одборот донесе одлука за двајца добитници на наградата за 2025 година. Добитници на државната награда „Мајка Тереза“ за 2025 година се: Борче Стаменов и доц. д-р Ирфан Ахмети.

## 2. ДРЖАВНА НАГРАДА „11 ОКТОМВРИ“

Одборот одржа 5 седници, распиша Конкурс за доделување на државната награда „11 Октомври“ во 2025 година и беа разгледани 32 иницијативи. Одборот формира 2 стручни комисии за разгледување на иницијативите и донесе одлука за 5 добитници на наградата за 2025 година. Добитници на државната награда „11 Октомври“ за 2025 година се: за животно дело во областа на културата и уметноста: Теута Ајдини Јегени – актерка, проф. Летка Димовска Полизова – хорски диригент, Иво Јанкоски – продуцент промотор на македонската уметност; за животно дело во областа на науката и образованието: проф. д-р Константин Димитров – машински инженер и акад. Глигор Јовановски – хемичар.

## 3. ДРЖАВНА НАГРАДА „23 ОКТОМВРИ“

Одборот одржа 3 седници, распиша Конкурс за доделување на државната награда „23 Октомври“ во 2025 година и беа разгледани 14 иницијативи. Одборот донесе одлука за 4 добитници на наградата за 2025 година. Добитници на државната награда „23 Октомври“ за 2025 година се: во областа на културата и уметноста: Гоце Тодоровски – актер, Александар Кујунџиски – писател за деца и возрасни, Братислав Ташковски – поет, романсиер, драмски писател, новинар и акад. Божин Павловски – писател.

## 4. ДРЖАВНА НАГРАДА „22 НОЕМВРИ“

Одборот одржа 4 седници, распиша Конкурс за доделување на државната награда „22 Ноември“ за 2025 година и беа разгледани 11 иницијативи. Одборот донесе одлука за двајца добитници на наградата за 2025 година. Добитници на државната награда „22 Ноември“ за 2025 година се: проф. д-р Севдаил Демири – истражувач, публицист и поет и Ресул Шабани – писател.

## 5. ДРЖАВНА НАГРАДА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

Одборот одржа 3 седници, распиша Конкурс за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски“ и беа разгледани вкупно 28 иницијативи. Одборот формира 2 стручни комисии и донесе одлука за тројца добитници на државната награда. Добитник на државната награда „Св. Климент Охридски“ во областа на воспитанието и образованието е акад. Витомир Митевски, филозоф и класичен филолог, а во областа на културата и уметноста наградата ја добија: Живоин Глишиќ, композитор и Беди Ибрахим, ликовен уметник.

## 6. ДРЖАВНА НАГРАДА „МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ-ЈАСМИН“

Одборот за државната награда „Мито Хаџи Василев-Јасмин“ во 2025 година одржа 1 седница, распиша конкурс на кој беа пристигнати 12 иницијативи.

По истекот на мандатот на одборот на 2.11.2025 година, до Собранието беше доставено барање за именување нови членови, но од страна на Собранието сѐ уште не е постапено, поради што државната награда „Мито Хаџи Василев-Јасмин“ во 2025 година не е доделена.

## 7. ДРЖАВНА НАГРАДА „МЕТО ЈОВАНОВСКИ“

Одборот за државната награда „Мето Јовановски“ во 2025 година одржа 1 седница, распиша конкурс на кој беа пристигнати 3 иницијативи.

По истекот на мандатот на одборот на 2.11.2025 година, до Собранието беше доставено барање за именување нови членови, но од страна на Собранието сѐ уште не е постапено, поради што државната награда „Мето Јовановски“ во 2025 година не е доделена.

Во целост, работата на Секторот во 2025 година ја потврди неговата незаменлива улога во обезбедувањето логистичка, комуникациска и административна поддршка, како и во успешното спроведување на процедурите за државните признанија. Овие резултати создадоа солидна основа за понатамошен развој.

Приоритетот на секторот е целосно и навремено реализирање на сите државни награди во согласност со законските рокови, интензивирање на дигиталната и медиумската присутност на Министерството, како и континуирано подобрување на внатрешната координација и брзата реакција кон јавноста и институциите. Со посветеноста и професионалноста на вработените, Секторот ќе продолжи да биде силен столб во остварувањето на мисијата на Министерството за култура и туризам за промоција, заштита и развој на културните вредности и на туристичкиот потенцијал на Република Северна Македонија.